Акционерско друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт импорт АД Кавадарци.

Друштвото е настанато со поделба на АД Агрокомбинат ТИКВЕШ ц.о. - Кавадарци на повеќе друштва. (Број на регистарска влошка во трговски регистар: 0200106537-4-03-000)

Седиштето на друштвото е на Ул. 8-ми Септември бр 5, Кавадарци.

Основна дејност на Друштвото е производство на вино.

Вкупниот број на вработени во друштвото со 31.12.2021 година е 213 (со 2020 вкупниот број на вработени е 198.

Поврзани субјекти: ВИНОЈУГ ВВТ - Гевгелија (100% сопственост), Машински сервис експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци (100% сопственост), Тиквеш ВИНСКИ ТУРИЗАМ ДООЕЛ - Кавадарци (100% сопственост), Тиквеш Продаја ДОО - Загреб (100% сопственост) и М6 ТИКВЕШ ДОО - Белград (99% сопственост).

Структура на вработени според образованието е следна:

Др. -1; Мр -14 ; ВСС 64; ВШС 1; ССС 120; ОСН 12: НСС 1.

Сопственичката структура на друштвото е како што следува:

| | Број на акции | % на учество |
|---|---|---|
| М-6 ДОО Скопје | 216,589 | 80.08% |
| Останати помали акционери со под 5% | 53,861 | 19.92% |
| Вкупно: | 270,450 | 100% |

## 2. Основа за подготовка на финансиските извештаи

### 2.1 *Изјава за усогласеност*

Финансиските извештаи се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл. Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

### 2.2 *Информации за финансиските извештаи*

Финансиските извештаи за годините кои завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година ја презентираат финансиската состојба, резултатите од работењето, паричните текови и промените на капиталот на друштвото.

ВВ Тиквеш има доминантно учество во следните друштва:

- Винојуг ВВТ - Гевгелија е основано на 01.04. 2011 година. Друштвото не располага со значајни средства, обврски, приходи и расходи

- Машински сервис експорт импорт ДООЕЛ Кавадарци основана на 27.12. 2013 година. Друштвото не располага со значајни средства, обврски, приходи и расходи

- Тиквеш ВИНСКИ ТУРИЗАМ ДООЕЛ - Кавадарци е основано на 27.05.2014 година. Друштвото не располага со значајни средства, обврски, приходи и расходи

- Тиквеш Продаја ДОО - Загреб е основано на 16.04.2018 година. Друштвото не располага со значајни средства, обврски, приходи и расходи.

- М-6 Тиквеш ДОО Белград – Србија е основано на 21.02.2014 година. Друштвото располага со значајни средства, обврски, приходи и расходи

*2.3 Валута на презентација*

Тековните и споредбените податоци во годишната сметка се дадени во македонски денари (МКД).

## 3. Значајни сметководствени политики

*3.1 Приходи од продажба*

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективна вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

*3.2 Обезбедување на услуги*

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

*3.3 Приходи од финансирање*

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденда, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики. Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на

истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

*3.4 Расходи од финансирање*

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

*3.5 Курсни разлики*

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите финансиски средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31.12.2021 и 2020 година се следните:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| 1 EUR | 61.6270 ден. | 61.6940 ден. |
| 1 CHF | 59.4683 ден. | 56.8242 ден. |
| 1 USD | 54.3736 ден. | 50.2353 ден. |
| 1 GBP | 61.6270 ден. | 68.3136 ден. |

*3.6 Данок од добивка (тековен и одложен)*

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Основа за пресметување на данокот од добивка е добивката како разлика меѓу вкупните приходи и расходи зголемена за непризнаените расходи за даночни цели.

Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10%.

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на метода на обврски за сите временски разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиското известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечките законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејство на датумот на билансот на состојбата.

*Парични средства и еквиваленти*

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки.

*3.7 Побарувања од купувачи*

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарање на расходите се формира исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

*3.8 Залихи*

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

*3.9 Вложувања во подружници*

Вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Друштвото поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во други друштва. Вложувањата во подружници се евидентирани во финансиските извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност.

*3.10 Вложувања во придружни друштва*

Вложувања во придружни друштва се сметаат оние вложувања каде Друштвото поседува значајно учество во гласачката сила (од 20% до 50%) на други друштва. Вложувањата во придружни друштва се евидентирани во финансиските извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност.

*3.11 Вложувања расположиви за продажба*

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин оутѓи, или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината (останата сеопфатна добивка), ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

### 3.12 *Недвижности,постројки и опрема(НПО)*

(1)*Општа објава*

Почетно,НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Последователно, НПО се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какво обезвреднување.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавената вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2)*Амортизација*

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2021 година во однос на 2020 година се следните:

| | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Недвижности | 2.5 - 10 % | 2.5 - 10 % | 10 - 40 години | 10 - 40 години |
| Постројки и опрема | 10% | 10% | 10 години | 10 години |
| Транспортни средства | 10 - 25% | 10 - 25% | 4 - 10 години | 4 - 10 години |
| Компјутерска опрема | 25% | 25% | 4 години | 4 години |
| Канцелариски мебел | 20% | 20% | 5 години | 5 години |

### 3.13 *Нематеријални средства*

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и кое нема физичка содржина.

Почетното мерење на едно нематеријално средство е според набавната вредност што ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на негово стекнување.

Последователно, нематрејалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какво обезвреднување.

Амортизацијата на нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба средството. Стапката на амортизација во 2021 година изнесува од 20 до 50-% годишно (2020: од 20 до 50-%).

*3.14 Обезвреднување на средствата*

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се оштетени. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачката вредност преставува повисока вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

*3.15 Обврски спрема добавувачи*

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

*3.16 Обврски по кредити и заеми*

Обврските по кредити и заеми се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и заеми и се искажуваат според методот на амортизирана набавна вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

### *3.17 Главнина*

(1) *Основна главнина*

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции или влогови.

(2) *Законски резерви*

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на ова резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на собранието на акционери/содружници.

### *3.18 Користи на вработените*

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) *Краткорочни користи за вработените*

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) *Користи по престанок на вработувањето*

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

### *3.19 Резервации*

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска(правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија

на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

*3.20 Неизвесности*

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиските извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани чие постоење ќе биде потврдено со склучување или несклучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

*4. Користени проценки*

При подготвувањето на овие финасиски извештаи, Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

*5.Промена на сметководствени политики и корекции на грешки*

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, конвенции, правила и практики кои ги применува ентитетот при подготвување и презентирање на финансиските извештаи.

Еден ентитет треба да направи промена на сметководствената политика само доколку промената:

а) Се бара од одреден МСФИ;
б) Резултира во поверодостојно и порелевантно обезбедување на информациите во финансиските извештаи на ентитетот, во однос на ефектите од трансакциите, другите настани или услови за финансиската состојба на ентитетот, финансиската успешност или паричните текови.

Друштвото, за годината која завршува на 31 Декември 2021, нема промена на сметководствените политики.

Грешки од изминатиот период се пропусти од и грешки во финасиските извештаи на ентитетот за еден или повеќе претходни периоди настанати поради недостатокот од користење, или погрешно користење, на веродстојни информации кои:

а) Биле на располагање кога финансиските извештаи за тие периоди биле одобрени за издавање;
б) Би било разумно да се очекува дека тие би биле обезбедени и земени во предвид во подготовката и презентирањето на тие финансиски извештаи.

Грешките ги вклучуваат ефектите од математички грешки, грешки во примената на сметководствените политики, превиди или погрешно толкување на факти и измами.

Ентитетот треба да ги корегира матреjалните грешки од претходниот период, ретроактивно, во првиот сет на финансиски извештаи кои се одобрени за издавање откако тие ќе бидат откриени со:

а)Повторно прикажување на споредбените износи за претходниот презентиран период(и) во кои настанала грешката;

б)Доколку грешката настанала пред најраниот претходен период кој е презентиран во финансискитѕе извештаи, треба повторно да се прикаже почетната состојба на средствата, обрските и главнината на најраниот претходен период кој е презентиран.

Друштвото, за годината која завршува на 31 декември 2021 нема матрејални грешки.

6. *Управување со ризик*

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните;

6.1 *Кредитен ризик*

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се голем број на друштва во земјата и странство. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

6.2 *Пазарен ризик*

**Ризик од промени на курсевите**

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути.

**Ризиг од промени на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањета расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото.

6.3 *Ликвидносен ризик*

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

6.4 *Каматен ризик*

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото има користено вакви кредити и позајмици, може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењата на финасиските пазари и Друштвиото нема начин истиот да го намали.

6.5 *Ризик на финансирање*

Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31. Декември 2021 и 2020 година е следната:

| | **Тековна година 31.12.2021** | **Тековна година 31.12.2020** |
|---|---|---|
| Обврски по кредити и заеми | 586,082,565 | 620,747,566 |
| Парични средства и еквиваленти | -40,233,195 | -15,150,540 |
| **Нето салдо** | **545,849,370** | **605,597,026** |
| **Вкупна главнина** | **2,335,678,384** | **2,181,418,766** |
| **% на задолженост** | **23.4%** | **27.8%** |

6.6 *Квантифицирани информации за ризик од ликвидност*

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31. Декември 2021 и 2020 година по валути е следната:

| | Средства | | Обврски | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 |
| ЕУР | 537,877,483 | 406,496,179 | 225,615,857 | 233,913,802 |
| УСД | 7,903,742 | 597,909 | 835,762 | 0 |
| Други | 425,709 | 76,542 | 312,715 | 417,704,902 |
| | **546,206,934** | **407,170,630** | **226,764,335** | **651,618,704** |

| | Средства | | Обврски | |
|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2019 | 2020 | 2019 |
| ЕУР | 406,496,179 | 372,380,409 | 233,913,802 | 275,026,862 |
| УСД | 597,909 | 2,053,553 | 0 | 410,956 |
| Други | 76,542 | 401,332 | 417,704,902 | 448,280,476 |
| | **407,170,630** | **374,835,294** | **651,618,704** | **723,718,294** |

Друштвото претежно е изложено на ЕУР. Изложеноста спрема ЕУР кај обврските ги вклучува и обврските по кредити од домашни банки кои имаат девизна клаузула и чија отплата во денари зависи од движењето на курсот на денарот во однос на Еврото.

*6.7 Квантифицирани информации за ризик од промени на каматите*

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | Салдо на 31.12.2021 | Салдо на 31.12.2020 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| **Некаматоносни:** | | |
| парични средства (благајни) | 6,158 | 91,164 |
| купувачи | 767,772,201 | 614,596,895 |
| останати побарувања | 6,911,150 | 16,113,634 |
| вложувања | 141,083,095 | 131,260,094 |
| **Вкупно:** | **915,902,945** | **763,451,700** |
| **Каматоносни со променлива камата:** | | |
| депозити во банки | 0 | 0 |
| парични средства (жиро и девизни сметки) | 40,227,037 | 15,059,376 |
| **Вкупно:** | **40,227,037** | **15,059,376** |
| **Каматоносни со фиксна камата:** | | |
| дадени заеми | 201,747,290 | 144,642,652 |
| **Вкупно:** | **201,747,290** | **144,642,652** |
| **Вкупно:** | **1,157,877,272** | **923,153,728** |
| **Финансиски обврски** | | |
| **Некаматоносни:** | | |
| добавувачи | 548,997,956 | 446,959,539 |
| Позајмици | 0 | 40,000,000 |
| останати обврски | 67,635,108 | 65,101,898 |
| **Вкупно:** | **616,633,064** | **552,061,437** |
| **Каматоносни со променлива камата:** | | |
| кредити земени од банки | 586,082,565 | 580,747,566 |
| **Вкупно:** | **586,082,565** | **580,747,566** |
| ***Каматоносни со фиксна камата:*** | | |
| добавувачи | | |
| заеми од друштва | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **1,202,715,629** | **1,132,809,003** |

*6.8 Квантифицирани информации за ризик од ликвидност*

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на друштвото со состојба на 31. Декември 2021 година според нивната доспеаност.

| | до 1 месец | од 1 до 3 | од 3 до 12 | над 12 мес | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| Пари и еквиваленти | 40,233,195 | | | | 40,233,195 |
| Купувачи | 517,944,675 | 162,802,122 | 87,133,695 | 0 | 767,880,492 |
| Дадени аванси | 36,485,402 | 0 | 0 | 0 | 36,485,402 |
| Позајмици | 175,657,563 | 3,745,724 | 16,855,758 | 5,618,586 | 201,877,631 |
| Останати побарувања | 6,900,320 | 0 | 0 | 0 | 6,900,320 |
| Вложувања | 0 | 0 | 27,868,877 | 113,214,219 | 141,083,096 |
| **Вкупно:** | **777,221,155** | **166,547,846** | **131,858,330** | **118,832,805** | **1,194,460,136** |

| | до 1 месец | од 1 до 3 | од 3 до 12 | над 12 мес | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| Добавувачи | 188,078,398 | 200,345,065 | 135,845,423 | 24,729,069 | 548,997,956 |
| Обврски за аванси | 14,281,547 | 0 | 0 | 0 | 14,281,547 |
| Кредити и заеми | 20,126,547 | 24,208,590 | 132,378,080 | 367,495,931 | 544,209,148 |
| Останати обврски | 34,355,310 | 0 | 0 | 0 | 34,355,310 |
| **Вкупно:** | **256,841,802** | **224,553,655** | **268,223,503** | **392,225,000** | **1,141,843,961** |

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на друштвото со состојба на 31. Декември 2020 година според нивната доспеаност.

| | до 1 месец | од 1 до 3 | од 3 до 12 | над 12 мес | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| Пари и еквиваленти | 15,150,540 | | | | 15,150,540 |
| Купувачи | 409,876,516 | 161,999,944 | 42,720,434 | 0 | 614,596,894 |
| Дадени аванси | 29,322,087 | 0 | 0 | 0 | 29,322,087 |
| Позајмици | 146,032,564 | 0 | 0 | 0 | 146,032,564 |
| Останати побарувања | 16,029,978 | 0 | 0 | 0 | 16,029,978 |
| Вложувања | 0 | 0 | 18,045,876 | 113,214,219 | 131,260,095 |
| **Вкупно:** | **616,411,685** | **161,999,944** | **60,766,310** | **113,214,219** | **952,392,158** |

| | до 1 месец | од 1 до 3 | од 3 до 12 | над 12 мес | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|
| Добавувачи | 260,396,098 | 94,443,138 | 81,195,048 | 10,925,255 | 446,959,539 |
| Обврски за аванси | 4,451,421 | 0 | 0 | 0 | 4,451,421 |
| Кредити и заеми | 27,717,581 | 20,888,082 | 169,645,182 | 384,390,001 | 602,640,846 |
| Останати обврски | 28,952,033 | 0 | 0 | 0 | 28,952,033 |
| **Вкупно:** | **321,517,133** | **115,331,220** | **250,840,230** | **395,315,256** | **1,083,003,839** |

*6.9 Квантифицирани информации за кредитен ризик*

Следната табела ја дава старосната структура на побарувањата од купувачи со состојба на 31. Декември 2021 година според нивната доспеаност.

| | Бруто износ | Исправка на вредност | Нето износ |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | 263,635,288 | | 263,635,288 |
| Доспеани побарувања | | | 0 |
| до 30 дена | 132,774,625 | | 132,774,625 |
| од 30 до 90 дена | 117,521,690 | | 117,521,690 |
| од 90 до 180 дена | 115,364,839 | | 115,364,839 |
| од 180 до 365 дена | 68,823,788 | | 68,823,788 |
| над 365 дена | 155,304,049 | -85,652,080 | 69,651,969 |
| | **853,424,280** | **-85,652,080** | **767,772,200** |

Следната табела ја дава старосната структура на побарувањата од купувачи со состојба на 31. Декември 2020 година според нивната доспеаност.

| | Бруто износ | Исправка на вредност | Нето износ |
|---|---|---|---|
| Недоспеани побарувања | 288,320,959 | | 288,320,959 |
| Доспеани побарувања | | | 0 |
| до 30 дена | 57,685,272 | | 57,685,272 |
| од 30 до 90 дена | 72,559,523 | | 72,559,523 |
| од 90 до 180 дена | 64,190,439 | | 64,190,439 |
| од 180 до 365 дена | 81,220,240 | | 81,220,240 |
| над 365 дена | 136,078,263 | -85,457,802 | 50,620,461 |
| | **700,054,696** | **-85,457,802** | **614,596,894** |

## 7. Нематеријални средства

| | Патенти и лиценци | Гудвил | Софтвер | Останати средства | Средства во подгот. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2021** | **1,133,362** | **-** | **13,793,302** | **6,350,545** | **-** | **21,277,208** |
| Зголемувања | | - | 903,098 | - | - | **903,098** |
| Намалувања | - | - | | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.Декември 2021** | **1,133,362** | **-** | **14,696,400** | **6,350,545** | **-** | **22,180,306** |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2021** | **689,841** | **-** | **10,369,388** | **675,002** | **-** | **11,734,231** |
| Амортизација | | | 2,554,342 | | - | **2,554,342** |
| Намалувања | - | - | | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.Декември 2021** | **689,841** | **-** | **12,923,730** | **675,002** | **-** | **14,288,574** |
| **Нето сметководствена вредност на:** | | | | | | |
| **31.12.2021** | **443,520** | **-** | **1,772,669** | **5,675,543** | **-** | **7,891,732** |
| **31.12.2020** | **443,520** | **-** | **3,423,914** | **5,675,543** | **-** | **9,542,977** |
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2020** | **1,133,362** | **-** | **12,949,522** | **6,350,545** | **-** | **20,433,428** |
| Зголемувања | | 0 | 843,780 | 0 | 0 | **843,780** |
| Намалувања | 0 | 0 | | 0 | 0 | **-** |
| **Состојба на 31.Декември 2020** | **1,133,362** | **-** | **13,793,302** | **6,350,545** | **-** | **21,277,208** |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2020** | **689,841** | **-** | **7,717,691** | **675,002** | **-** | **9,082,534** |
| Амортизација | | | 2,651,697 | | - | **2,651,697** |
| Намалувања | - | - | | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.Декември 2020** | **689,841** | **-** | **10,369,388** | **675,002** | **-** | **11,734,231** |
| **Нето сметководствена вредност на:** | | | | | | |
| **31.12.2020** | **443,520** | **-** | **3,423,914** | **5,675,543** | **-** | **9,542,977** |
| **31.12.2019** | **443,520** | **-** | **5,231,831** | **5,675,543** | **-** | **11,350,894** |

## 8 . Материјални средства

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Средства во подгот. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2021** | 33,125,000 | 1,572,087,859 | 1,346,856,058 | 34,860,247 | 2,986,929,164 |
| Зголемувања | | 10,238,197 | 83,392,279 | 56,034,980 | 149,665,455 |
| Намалувања | | | (5,450,321) | | (5,450,321) |
| **Состојба на 31.Декември 2021** | 33,125,000 | 1,582,326,056 | 1,424,798,016 | 90,895,227 | 3,131,144,298 |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2021** | - | 763,093,350 | 956,528,497 | - | 1,719,621,847 |
| Амортизација | | 39,106,512 | 59,002,973 | | 98,109,485 |
| Намалувања | | | (4,407,056) | | (4,407,056.4) |
| **Состојба на 31.Декември 2021** | - | 802,199,862 | 1,011,124,414 | - | 1,813,324,276 |
| **Нето сметководствена вредност на:** | | | | | |
| **31.12.2021** | 33,125,000 | 780,126,194 | 413,673,602 | 90,895,227 | 1,317,820,022 |
| **31.12.2020** | 33,125,000 | 808,994,509 | 390,327,561 | 34,860,247 | 1,267,307,317 |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2020** | 33,125,000 | 1,570,359,934 | 1,299,523,852 | 26,034,889 | 2,929,043,675 |
| Зголемувања | | 1,727,925 | 53,315,023 | 8,825,358 | 63,868,306 |
| Намалувања | | | (5,982,817) | | (5,982,817) |
| **Состојба на 31.Декември 2020** | 33,125,000 | 1,572,087,859 | 1,346,856,058 | 34,860,247 | 2,986,929,164 |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2020** | - | 724,024,774 | 905,294,540 | - | 1,629,319,314 |
| Амортизација | | 39,068,576 | 57,059,630 | | 96,128,205 |
| Намалувања | | | (5,825,673) | | (5,825,673) |
| **Состојба на 31.Декември 2020** | - | 763,093,350 | 956,528,497 | - | 1,719,621,847 |
| **Нето сметководствена вредност на:** | | | | | |
| **31.12.2020** | 33,125,000 | 808,994,509 | 390,327,561 | 34,860,247 | 1,267,307,317 |
| **31.12.2019** | 33,125,000 | 846,335,160 | 394,229,313 | 26,034,889 | 1,299,724,361 |

## 9. Биолошки средства

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2021 | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2021** | - | - | - | - | - | - |
| Зголемувања | - | - | - | - | - | - |
| Намалувања | - | - | - | - | - | - |
| Ожнеани производи пренесени во залихи | - | - | - | - | - | - |
| Промена на вредност на биолошки средства | - | - | - | - | - | - |
| Амортизација | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31.Декември 2021** | - | - | - | - | - | - |
| **Нетековни средства** | - | - | - | - | - | - |
| **Тековни средства** | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно биолошки средства** | - | - | - | - | - | - |
| **31.12.2020** | | | | | | |
| **Состојба на 1. Јануари 2020** | - | - | - | - | - | - |
| Зголемувања | - | - | - | - | - | - |
| Намалувања | - | - | - | - | - | - |
| Ожнеани производи пренесени во залихи | - | - | - | - | - | - |
| Промена на вредност на биолошки средства | - | - | - | - | - | - |
| Амортизација | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31.Декември 2020** | - | - | - | - | - | - |
| **Нетековни средства** | - | - | - | - | - | - |
| **Тековни средства** | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно биолошки средства** | - | - | - | - | - | - |

## 10. Долгорочни финансиски средства

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Вложувања во: | | |
| ВИНОЈУГ ВВТ - Гевгелија | 35,840,970 | 35,840,970 |
| ПАКОМАК | 652,000 | 652,000 |
| УНИОНМАК УТП | 944,174 | 944,174 |
| ТАСКА | 15,300 | 159,467 |
| TIKVES WINES INTERNATIONAL LIMITED | | |
| М6 ТИКВЕШ ДОО | 74,820,923 | 74,820,923 |
| ТИКВЕШ ВИНСКИ ТУРИЗАМ | 310,000 | 310,000 |
| ИЛИНДЕН - Делчево | | |
| Акции во банки | 27,193,620 | 17,226,452 |
| МАШИНСКИ СЕРВИС | 1,137,000 | 1,137,000 |
| ТИКВЕШ ПРОДАЈА | 169,108 | 169,108 |
| **Долгорочни позајмици** | **130,341** | **1,389,912** |
| **Вкупно** | **141,213,436** | **132,650,007** |

## 11. Побарувања од купувачи

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачите во земјата | 728,980,846 | 579,833,011 |
| Побарувања од купувачите во странство | 30,486,118 | 26,264,369 |
| Застарени, сомнителни и спорни побарувања | 85,652,080 | 85,457,802 |
| Вредносно усогласување на побарувања | (85,652,080) | (85,457,802) |
| **Вкупно** | **759,466,964** | **606,097,381** |

## 12. Парични средства

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Парични средства на денарски сметки | 20,960,583 | 13,389,100 |
| Парични средства во денарска благајна | 6,158 | 91,164 |
| Девизна сметка | 19,266,454 | 1,670,277 |
| **Вкупно** | **40,233,195** | **15,150,540** |

## 13. Основна главнина

| Родови на акции 31.12.2021 | Сопственост на | 01.01.2021 | % | Состојба Зголемување | Намалување | 31.12.2021 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | 120,342,509 | 14% | | 8,718,249 | 111,624,260 | 13% |
| | Правни лица | 722,619,402 | 86% | 8,718,249 | | 731,337,651 | 87% |
| Обични акции | Откупени сопствени акции | | 0% | | - | - | 0% |
| Приоритетни акции | ФПИО | | 0% | - | | - | 0% |
| Вкупно | | 842,961,911 | 100% | 8,718,249 | 8,718,249 | 842,961,911 | 100% |

| Родови на акции 31.12.2020 | Сопственост на | 01.01.2020 | % | Состојба Зголемување | Намалување | 31.12.2020 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | 126,473,648 | 15% | | 6,131,139 | 120,342,509 | 14% |
| | Правни лица | 716,488,263 | 85% | 6,131,139 | | 722,619,402 | 86% |
| Обични акции | Откупени сопствени акции | | 0% | | - | - | 0% |
| Приоритетни акции | ФПИО | | 0% | - | | - | 0% |
| Вкупно | | 842,961,911 | 100% | 6,131,139 | 6,131,139 | 842,961,911 | 100% |

## 14. Долгорочни обврски

| | Обезбедување | Тековна година 31.12.2021 | Претходна година 31.12.2020 |
|---|---|---|---|
| Обврски спрема поврзани субјекти | | - | - |
| Обврски кон добавувачи | | 41,873,417 | 18,106,720 |
| Обврски спрема поврзани друштва по основ на заеми и кредити | | - | - |
| Обврски по основ на кредити | хипотеки | 544,209,148 | 562,640,846 |
| Обврски по основ на заеми | | - | - |
| Останати долгорочни обврски | | - | - |
| Вкупно | | 586,082,565 | 580,747,566 |

## 15. Краткорочни обврски спрема добавувачите

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 426,304,887 | 339,564,354 |
| Добавувачи во странство | 80,670,664 | 88,977,858 |
| **Вкупно** | **506,975,551** | **428,542,212** |

## 16. Краткорочни обврски по заеми и кредити

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | - | - |
| Краткорочни кредити во земјата | - | 40,000,000 |
| Краткорочни кредити во странство | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **40,000,000** |

## 17. Приходи од продажба

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба во земјата | 1,037,936,411 | 815,294,952 |
| Приходи од продажба во странство | 903,265,123 | 690,484,918 |
| **Вкупно** | **1,941,201,534** | **1,505,779,870** |

## 18. Останати приходи

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 2,800,884 | 121,320 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 0 | - |
| Приходи од државни подршки | 6,344,003 | 18,379,116 |
| Останати | 36,104,142 | 31,208,568 |
| **Вкупно** | **45,249,029** | **49,709,004** |

## 19. Останати расходи

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 18,967,130 | 17,281,987 |
| Трошоци за саеми | 3,019,668 | 1,143,508 |
| Наемнина | 21,806,652 | 20,008,592 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 13,438,527 | 6,783,997 |
| Трошоци за промоција, пропаганда и реклама | 192,777,872 | 161,825,300 |
| Премии за осигурување | 13,680,844 | 10,597,817 |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 6,299,201 | 5,825,978 |
| Трошоци за ревизија | 689,819 | 709,493 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 10,652,210 | 614,525 |
| Загуби од отуѓувања на нетековни средства | 631,913 | 157,144 |
| Останати расходи | 194,201,961 | 137,415,394 |
| **Вкупно** | **476,165,798** | **362,363,735** |

## 20. Трансакции со поврзани друштва

| | Тековна година 31.12.2021 | Тековна година 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Побарувања | | |
| Обврски | | |
| Приходи од продажба на готови производи | 403,142,450 | 299,148,230 |
| Приходи од продажба на стоки | | |
| Приходи од услуги | 16,662,036 | 9,080,932 |
| Расходи од набавки на стоки | | |
| Расходи од набавка на услуги | | |
| **Вкупно** | **419,804,486** | **308,229,162** |

ВВ Тиквеш АД Кавадарци

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ
Единствен даночен број 4011999112400

## ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ
(за државна евиденција за субјектите кои не применуваат посебни сметковни планови)

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **А.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| 1 | 0 | Набавна вредност на издатоци за развој за сопствени цели (интерен проект) | 601 | | |
| 1.1 | | Плата и надоместоци на плата на вработените кои директно работат на развојот на интерен проект | 602 | | |
| 1.2 | | Трошоци за материјали и услуги[1] користени или потрошени при развојот на интерен проект | 603 | | |
| 2 | | Сегашна вредност на издатоци за развој за сопствени цели ( < или = АОП 003 од БС) | 604 | | |
| 4 | | Сегашна вредност на компјутерскиот софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 004 од БС) | 606 | 1,460,950 | 317,802 |
| 5 | | Сегашна вредност на набавени бази на податоци (< или = АОП 004 од БС) | 607 | | |
| 6 | | Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба(< или = АОП 004 од БС) | 608 | | |
| | | **Б.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| 7 | 010д | Земјишта | 609 | 33,125,000 | 33,125,000 |
| 8 | 014д | Шуми | 610 | | |
| 9 | | Сегашна вредност на станови и станбени згради (< или = АОП 012 од БС) | 611 | | |
| 10 | | Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба[2] кои се користат за вршење на дејност (< или = АОП 012 од БС) | 612 | 780,126,175 | 808,994,490 |
| 11 | | Сегашна вредност на објекти од нискоградба[3] (< или = АОП 012 од БС) | 613 | | |
| 12 | | Сегашна вредност на информациска опрема и телекомуникациска опрема[4] (< или = АОП 013 од БС) | 614 | | |
| 13 | | Сегашна вредност на компјутерска опрема[5] (< или = АОП 013 од БС) | 615 | | |
| 14 | | Сегашна вредност на повеќегодишните насади (< или = АОП 016 од БС) | 616 | | |
| 15 | | Сегашна вредност на основното стадо (< или = АОП 016 од БС) | 617 | | |
| 16 | 015д | Оригинални уметнички и литературни дела за вршење на дејности од културата и уметноста (< или = АОП 019 од БС) | 618 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 17 | 015д | Книги, слики, вајарски дела, музејски експонати, предмети од архивска граѓа и слично (< или = АОП 019 од БС) | 619 | | |
| 18 | 015д | Драгоцени метали и камења (< или = АОП 019 од БС) | 620 | | |
| 19 | 015д | Антиквитети и други уметнички дела<br>(< или = АОП 019 од БС) | 621 | | |
| 20 | 015д | Други скапоцености<br>(< или = АОП 019 од БС) | 622 | | |
| 21 | 016 д | Вложувања во природни богатства во подготовка<br>(< или = АОП 018 од БС) | 623 | | |
| 22 | 016 д | Подобрување на земјиштето<br>(< или = АОП 018 од БС) | 624 | | |
| | | **В. СРЕДСТВА ВО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ со состојба на крај на периодот** | | | |
| 23 | 032д (во земјата), 033д (во земјата), 040д (во земјата), 041д (во земјата), 044д, 045д, 046д | Заеми и кредити дадени на нефинансиски трговски друштва[6] во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија, во земјата[7]<br>(< или = АОП 024+АОП 025+АОП 032+АОП 033+ АОП 034+АОП 046+АОП 047+АОП 056+ АОП 057+АОП 058 од БС) | 625 | | |
| | | **Г. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА со состојба на крај на периодот** | | | |
| 24 | 005д, 017д, 037д (во земјата), 110, 112, 114д, 116д (во земјата), 118д (закуп), 120д, 122д, 124д (во земјата), 125д, 126д | Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) дадени на нефинансиски трговски друштва[6] во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија, во земјата[7] (< или = АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 046+АОП 047+АОП 048 од БС) | 626 | | |
| 25 | 037д, 114д, 120д, 122д, 125д, 126д | Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) дадени на органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ, ФЗОРСМ, АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет<br>(< или = АОП 030+АОП 046+АОП 047+АОП 048 од БС) | 627 | | |
| 26 | 047д, 118д, 127д, 151д, 152д, 153д, 154, 157д, 158д, група 19д | Останати побарувања од нефинансиски трговски друштва[6] во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија, во земјата[7]<br>(< или = АОП 034+ АОП 046+АОП 047+АОП 051+АОП 062 од БС) | 628 | | |
| 27 | 047д, 050, 127д, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 151, 152, 153 | Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ, ФЗОРСМ, АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет<br>(< или = АОП 034+ АОП 035 +АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 од БС) | 629 | | |
| 28 | 005, 017, 037, 047, 05, група 11 (без сметка 119), група 12 (без сметка 129), група 13 (без сметка 139), 162д (заеми во производи и стоки),група 14 (без сметка 149), група 15 (без сметка 159), група 19 | Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) и останати побарувања **од сите субјекти во земјата и странство (вкупно)**<br>(< или = АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+АОП 046+АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 од БС) | 630 | | |
| | | <u>Д. СОПСТВЕНИЧКИ КАПИТАЛ [8]</u> | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ Тековна година | Износ Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 29 | 90д[9] | Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија регистрирани во земјата[7](< или =АОП 065 од БС) | 631 | | |
| 30 | 90д[9] | Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од физички лица, трговци-поединци, занаетчии, земјоделци, самостојни вршители на дејност и непрофитни организации[10] регистрирани во земјата7 | 632 | | |
| | | (< или = АОП 065 од БС) | | | |
| 31 | 90д[9] | Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од Владата на Република Северна Македонија, ФПИОСМ, ФЗОРСМ, АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет | 633 | | |
| | | (<или = АОП 065 од БС) | | | |
| | | **Ѓ.ОБВРСКИ ПО ЗАЕМИ И КРЕДИТИ со состојба на крај на периодот** | | | |
| 32 | 214д, 225д, 260, 262д, 266д (кредити), 280д (во земјата), 281д (во земјата), 282, 284д (во земјата), 285д (во земјата), 286д (во земјата) | Обврски по заеми и кредити земени од нефинансиски трговски друштва[6] во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија, во земјата[7] | 634 | | |
| | | (< или = АОП 086+АОП 087+АОП 088+АОП 089+АОП 090+АОП 096+ АОП 104+ АОП 107+ од БС) | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Е. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ со состојба на крај на периодот** | | | |
| 33 | 210д, 212, 214д, 216д (во земјата), 218д (закуп), 220д, 222д, 224д, 225д, 229д, 253д | Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) примени од нефинансиски трговски друштва[6] во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија, во земјата[7] (< или = АОП 096+АОП 097+АОП 098+ АОП 108+ од БС) | 635 | 0 | 40,000,000 |
| 34 | 214д, 220д, 222д, 224д, 225д, 229д, 253д | Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) примени од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ, ФЗОРСМ, АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет | 636 | | |
| | | (< или = АОП 096+АОП 097+АОП 098+ АОП 108+ од БС) | | | |
| 35 | 218д, 254д, 255д, 259д, 269д, 288д, 29д | Останати обврски кон нефинансиски трговски друштва[6] во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија, во земјата[7] | 637 | | |
| | | (< или = АОП 092+АОП 093+АОП 096+АОП 106+АОП 107+ АОП 108+АОП 109 од БС) | | | |
| 36 | група 23, 259д, 269д, 288д, 289, 29д | Останати обврски кон органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ, ФЗОРСМ, АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет | 638 | | |
| | | (< или = АОП 092+АОП 093+АОП 094+АОП 099+АОП 101+АОП 107+ АОП 108+АОП 109 од БС) | | | |
| 37 | група 21, група 22, група 23, група 24, група 25 (без 256), 269, 288, 289, група 29 | Обврски по основ на трговски кредити, аванси и останати обврски **кон сите субјекти во земјата и странство (вкупно)** | 639 | 544,209,148 | 562,640,846 |
| | | (< или = АОП 092+АОП 093+АОП 094+АОП 096+АОП 097+АОП 098+АОП 099+АОП 100+АОП 101+АОП 107+ АОП 108+АОП 109 од БС) | | | |
| | | **Ж. ПРИХОДИ** | | 1,943,879,975 | 1,507,203,386 |
| | | **I. Приходи од продажба** | | **1,941,201,534** | **1,505,779,870** |
| 38 | | Приходи од продажба на стоки и услуги (АОП 641+АОП 642) | 640 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 39 | 73д и 74 д | Приходи од продажба на стоки | 641 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 40 | 73д и 74д | Приходи од продажба на услуги | 642 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 41 | 730, 740 и 741 | Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар | 643 | 1,037,936,411 | 815,294,952 |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 42 | 731 и 742 | Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на странски пазар | 644 | 903,265,123 | 690,484,918 |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 43 | 731д и 742д | Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во држави членки на Европската унија [11] | 645 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 44 | 745д | Приходи по основ на употреба на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 206 од БУ) | 646 | | |
| 45 | 747 | Приходи од наемнина | 647 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 46 | 747д | Приходи од наемнина на земјиште | 648 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| 47 | 748 | Приходи од продажба на добра врз основа на финансиски наем (лизинг) | 649 | | |
| | | (< или = АОП 202 од БУ) | | | |
| | | **II. Останати приходи** | | **1,273,781** | **350,849** |
| 48 | 760 | Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства | 650 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 49 | 761 | Добивки од продажба на биолошки средства | 651 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| | | | | | |
| 50 | 762 | Добивки од продажба на учество во капитал и хартии од вредност | 652 | | |
| | | (< или = АОП 203од БУ) | | | |
| 51 | 763 | Добивки од продажба на материјали | 653 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 52 | 764 | Приходи од вишоци | 654 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 53 | 765 | Наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски | 655 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 54 | 766 | Приходи врз основа на ефекти од договорена заштита од ризик | 656 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 55 | 767 | Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ) | 657 | | |
| 56 | 767д | Приходи од субвенции | 658 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 57 | 767д | Приходи по основ на донации и спонзорства | 659 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 58 | 768 | Приходи од укинување на долгорочни резервирања | 660 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 59 | 769 | Останати приходи од работењето | 661 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 60 | 769д | Приходи од наплатени пенали, неподигнати капари, отстапнини, награди и слично | 662 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 61 | 769д | Приходи од поранешни години | 663 | 1,273,781 | 350,849 |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| 62 | 769д | Приходи од даноци и придонеси | 664 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 63 | 769д | Приходи од оперативен наем-лизинг | 665 | | |
| | | (< или = АОП 203 од БУ) | | | |
| | | **III. Финансиски приходи** | | **1,404,660** | **1,072,668** |
| 64 | 773д и 776д | Приходи од дивиденди | 666 | 1,404,660 | 1,072,668 |
| | | **3. РАСХОДИ** | | | |
| 65 | 700 | Расходи на продадени производи и услуги | 667 | | |
| | | | | | |
| | | **I. Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** | | **297,170,539** | **248,630,566** |
| 66 | 400д | Трошоци за суровини и материјали | 668 | | |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 67 | 400д | Огрев, гориво и мазива | 669 | 13,990,344 | 10,766,653 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 68 | 400д | Прехранбени артикли | 670 | | |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 69 | 400д | Канцелариски материјали | 671 | 993,585 | 1,212,801 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 70 | 400д | Трошоци за амбалажа | 672 | 244,852,647 | 201,341,497 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 71 | 400д | Униформи-заштитна облека и обувки | 673 | 1,032,679 | 2,825,985 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 72 | 400д | Материјал за чистење и одржување | 674 | 2,448,652 | 2,203,813 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 73 | 400д | Вода (< или = АОП 208 од БУ) | 675 | 5,130,093 | 5,202,663 |
| 74 | 402д и 403д | Потрошена електрична енергија | 676 | 16,329,655 | 15,813,606 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 75 | 402д и 403д | Потрошени енергетски горива | 677 | | |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 76 | 404 | Потрошени резервни делови и материјали за одржување | 678 | 8,750,957 | 7,926,966 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| 77 | 407 | Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) | 679 | 3,641,926 | 1,336,583 |
| | | (< или = АОП 208 од БУ) | | | |
| | | **II. Трошоци за услуги** | | **17,771,483** | **16,197,529** |
| 78 | 410д | Транспортни услуги во земјата | 680 | 9,115,684 | 8,257,918 |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 79 | 410д | Транспортни услуги во странство | 681 | 4,365,064 | 4,035,689 |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 80 | 411д | ПТТ услуги во земјата | 682 | 4,290,734 | 3,903,922 |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 81 | 411д | ПТТ услуги во странство | 683 | | |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 82 | 412д | Надворешни услуги за изработка на производи (лон производство) (< или = АОП 211 од БУ) | 684 | | |
| | | III. Останати трошоци за вработените[12] | | **18,807,466** | **19,810,080** |
| 83 | 412д | Производствени и занаетчиски услуги | 685 | | |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 84 | 414д | Наемнини за деловни простории во земјата | 686 | 10,787,199 | 11,550,072 |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 85 | 414д | Наемнини за опрема | 687 | 5,503,402 | 5,812,086 |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 86 | 414д | Наемнина за земјиште | 688 | | |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 87 | 416д | Трошоци за истражување | 689 | | |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 88 | 416д | Трошоци за развој | 690 | | |
| | | (< или = АОП 211 од БУ) | | | |
| 89 | 420д, 421д | Вкалкулирани надомести за време на боледување | 691 | | |
| 90 | 422д | Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија | 692 | | |

| Ред. бр. | | Позиција | Ознака на АОП | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 3 | 4 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 91 | 422д | Еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно работно ангажирање под услови утврдени со закон | 693 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 92 | 422д | Јубилејни награди | 694 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 93 | 422д | Регрес за годишен одмор | 695 | 2,516,865 | 2,447,922 |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 94 | 422д | Помошти (< или = АОП 217 од БУ) | 696 | | |
| 95 | 441д | Појачана исхрана | 697 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| | | **IV. Останати трошоци од работењето** [12] | | **27,583,322** | **19,524,005** |
| 96 | 440 | Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ) | 698 | 13,438,527 | 6,675,897 |
| 97 | 440д | Дневници за службени патувања | 699 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| | | | | | |
| 98 | 441 | Надомести на трошоците на вработените и подароци | 700 | 3,502,779 | 2,315,409 |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 99 | 441д | Надоместок за сместување и исхрана на терен (< или = АОП 217 од БУ) | 701 | | |
| 100 | 441д | Надомести за одвоен живот | 702 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 101 | 441д | Подароци на вработените | 703 | 1,397,167 | 818,172 |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 102 | 441д | Трошоци за организирана исхрана во текот на работа (< или = АОП 217 од БУ) | 704 | 9,244,849 | 9,714,527 |
| 103 | 441д | Трошоци за организиран превоз до и од работа | 705 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 104 | 441д | Надоместоци на ангажирана работна сила преку Агенциите за привремени вработувања | 706 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 105 | 442 | Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | 707 | | |
| 106 | 443 | Трошоци за спонзорства | 708 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |
| 107 | 444 | Репрезентација | 709 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |
| 108 | 445д | Премии за осигурување на имот | 710 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |
| 109 | 446 | Надомест за банкарски услуги | 711 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |
| 110 | 447д | Даноци кои не зависат од резултатот | 712 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |
| 111 | 447д | Придонеси кои не зависат од резултатот | 713 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |
| 112 | 447д | Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ) | 714 | | |
| 113 | 449д | Надомести за повремени и привремени работи | 715 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 114 | 449д | Надомести на име авторски хонорари | 716 | | |
| | | (< или = АОП 217 од БУ) | | | |
| 115 | 449 | Останати трошоци на работењето | 717 | | |
| | | (< или = АОП 212 од БУ) | | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **V. Останати расходи** | | | |
| 116 | 468 | Казни, пенали надоместоци за штети и друго | 718 | | |
| | | (< или = АОП 222 од БУ) | | | |
| 117 | 468д | Надоместоци за штети | 719 | | |
| | | (< или = АОП 222 од БУ) | | | |
| | | **VI. Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања** | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 118 | 476 | Вредносно усогласување на долгорочни финансиски пласмани и други хартии од вредност расположливи за продажба | 720 | | |
| | | ( = АОП 242 од БУ) | | | |
| | | **VII. Дивиденди и други надоместоци на вложувачите** | | | |
| 119 | | Исплатени дивиденди | 721 | | |
| | | **S. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 120 | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 722 | 213 | 202 |
| 121 | | Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот | 723 | | |
| 122 | | Број на подружници во кои се врши дејност, без седиштето на субјектот | 724 | | |

33.

**Назив на субјектот:**
Акционерско друштво за производство и промет на вино Винарска визба - ТИКВЕШ експорт импорт АД Кавадарци
**Место:**
Кавадарци
**Матичен број:**
**05275890**

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ

| Класа/ поткласа | Назив | Остварен приход (во денари) |
|---|---|---|
| 11.02 | Производство на вино од грозје | 1,941,201,534 |
| 96.09 | Останати- неспомнати на друго место | 49,114,380 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | 1,990,315,914 |

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## за оданочување на добивка

**ДБ**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Посебен даночен статус | ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови |
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци |
| Телефон | |
| е-пошта | |

Даночен период

од 01.01.2021 до 31.12.2021

Рок за поднесување: 15.03.2022

Исправка на ДБ ☐ Број

## УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

*'без дени'*

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| I. | **Финансиски резултат во Биланс на успех** | 01 | 166013149 |
| II. | **Непризнаени расходи и помалку искажани приходи за даночни цели (збир од АОП 03 до АОП 39)** | 02 | 128252093 |
| 1. | Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста на субјектот односно не се непосреден услов за извршување на дејноста и не се последица од вршењето на дејноста | 03 | 1541594 |
| 2. | Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ | 04 | 538663 |
| 3. | Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од ЗДД | 05 | 24568457 |
| 4. | Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон | 06 | |
| 5. | Трошоци за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и трошоци за превоз на лица кои не се документирани | 07 | 2789618 |
| 6. | Трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со закон | 08 | |
| 7. | Трошоци по основ на месечни надоместоци на членови на органи на управување над висината утврдена со закон | 09 | 1082335 |
| 8. | Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над висината утврдена со закон | 10 | |
| 9. | Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над висината утврдена со закон | 11 | |
| 10. | Надоместоци за лица волонтери и за лица ангажирани за вршење на јавни работи над износите утврдени со закон | 12 | |
| 11. | Скриени исплати на добивки | 13 | |
| 12. | Кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди) | 14 | |
| 13. | Трошоци за репрезентација | 15 | 63590986 |
| 14. | Трошоци за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во година | 16 | |
| 15. | Трошоци за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината | 17 | |
| 16. | Трошоци за донации во спортот согласно со членот 30-а од ЗДД | 18 | 315600 |
| 17. | Трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот | 19 | 961768 |
| 18. | Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени | 20 | 2972555 |
| 19. | Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник | 21 | 2544272 |
| 20. | Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата | 22 | |
| 21. | Трошоци за стипендии | 23 | 192351 |
| 22. | Трошоци на кало, растур, крш и расипување | 24 | |
| 23. | Траен отпис на ненаплатени побарувања | 25 | 10566224 |
| 24. | Трошоци за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон | 26 | |
| 25. | Трошоци за практикантска работа над износите пропишани во Законот за практиканство | 27 | |
| 26. | Трошоци за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно | 28 | |
| 27. | Трошоци за амортизација на ревалоризираната вредност на материјални и нематеријални средства | 29 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства која е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки над пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација | 30 | 2499908 |
| 29. | Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи | 31 | |
| 30. | Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања | 32 | 85987 |
| 31. | Износ на ненаплатени побарувања од заем | 33 | 445665 |
| 32. | Износ на позитивна разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакција по трансферна цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по пазарна цена утврдена со принципот на „дофат на рака" меѓу поврзани лица | 34 | |
| 33. | Износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена меѓу поврзани лица | 35 | |
| 34. | Износ на дел од камати по заеми кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица | 36 | 614897 |
| 35. | Износ на затезни камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице | 37 | |
| 36. | Износ на камати на заеми добиени од содружници или акционери – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот | 38 | |
| 37. | Други усогласувања на расходи | 39 | 12941213 |
| **III.** | **Даночна основа (I+II)** | 40 | 294265242 |
| **IV.** | **Намалување на даночна основа (АОП 42+ АОП 43+ АОП 44+ АОП 45+ АОП 46+ АОП 47+ АОП 48)** | 41 | 75343926 |
| 38. | Износ на наплатени побарувања за кои во претходниот период е зголемена даночната основа | 42 | |
| 39. | Износ на вратен дел од заем за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа | 43 | 6301052 |
| 40. | Износ на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица | 44 | |
| 41. | Износ на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став (1) точки 2), 3-6), 4), 5), 5-а) и 6), од ЗДД, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход | 45 | |
| 42. | Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, оданочени со данок на добивка кај исплатувачот | 46 | 1404660 |
| 43. | Дел од загуба намалена за непризнаени расходи, пренесена од претходни години | 47 | |
| 44. | Износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана добивка) | 48 | 67638214 |
| **V.** | **Даночна основа по намалување (III- IV)** | 49 | 218921316 |
| **VI.** | **Пресметан данок на добивка (V x 10%)** | 50 | 21892132 |
| **VII.** | **Намалување на пресметаниот данок на добивка (АОП 52+АОП 53+АОП 54+АОП 55)** | 51 | 315600 |
| 45. | Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања | 52 | |
| 46. | Износ на данок содржан во оданочени приходи / добивки во странство (withholding tax) до пропишаната стапка | 53 | |
| 47. | Данок кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Македонија но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 54 | |
| 48. | Износ на пресметано даночно олеснување за дадена донација утврдена во согласност со член 30-а од ЗДД | 55 | 315600 |
| **VIII.** | **Пресметан данок по намалување (VI-VII)** | 56 | 21576532 |
| 49. | Платени аконтации на данокот на добивка за даночниот период | 57 | 12928209 |
| 50. | Износ на повеќе платен данок на добивка пренесен од претходните даночни периоди | 58 | 9633783 |
| 51. | Износ за доплата / повеќе платен износ (АОП 56-АОП 57-АОП 58) | 59 [ ] [-] | 985460 |
| **IX.** | **ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | |
| 52. | Вкупен износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана) | 60 | 67638214 |
| 53. | Загуби од претходни години за кои правото на покритие во рок од три години не е изминато | 61 | |
| 54. | Остварена загуба намалена за непризнаените расходи од тековната година која може да се пренесе во наредните три години | 62 | |
| 55. | Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот по одредбите од член 30 од ЗДД | 63 | |
| 56. | Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот платен во странство до пропишаната стапка | 64 | |
| 57. | Остварен вкупен приход во годината | 65 | 1990315914 |
| 58. | Вкупни трошоци за донации во годината за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 66 | 276000 |
| 59. | Вкупни трошоци за донации во годината за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 67 | 411352 |
| 60. | Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 68 | 199999 |
| 61. | Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | 69 | 3771020 |
| 62. | Вкупни трошоци за донација во спорт за која е користено намалување на пресметаниот данок, по член 30-а од ЗДД | 70 | 315600 |

◆ **Предлог - одлука за усвојување на завршната сметка и за резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2021 година.**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За усвојување на завршната сметка за резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година

1. СЕ УСВОЈУВА завршната сметка за резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци во 2021 година.

2. СЕ УТВРДУВААТ следните финансиски показатели за резултатите во работењето на Винарската визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година:

| Ред.бр. | ЕЛЕМЕНТИ | Структура во % | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварени приходи | 100.00% | 1,990,315,914 |
| 2 | Остварени расходи | 91.66% | 1,824,302,765 |
| 3 | Остварена добивка пред оданочување | 8.34% | 166,013,149 |
| 4 | Данок на добивка | 1.08% | 21,576,532 |
| 5 | Остварена нето добивка | 7.26% | 144,436,617 |

3. Составен дел на одлуката е Завршната сметка, извештаите и друга документација за 2021 година.

4. Финансискиот сектор да ги извести надлежните служби Централниот регистар на РМ и Министерството за финансии Управата за јавни приходи, за остварениот финансиски резултат и неговата распределба со доставување на пропишаните обрасци за завршната сметка за 2021 година.

5. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

**ВИНАРСКА ВИЗБА**
**ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**И**
**КОНСОЛИДИРАНИ**
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА**
**ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА**
**31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА**

**Скопје, април 2022**

**СОДРЖИНА** Страна


| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Консолидирани финансиски извештаи** | |
| Консолидиран Биланс на успех | 3 |
| Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Консолидиран Извештај за финансиска состојба | 5 |
| Консолидиран Извештај за паричните текови | 6 |
| Консолидиран Извештај за промените во главнината | 7-8 |
| Белешки кон консолидираните финансиски извештаи | 9 - 44 |
| **Додатоци** | |
| Додаток 1- Законска обврска за составување на консолидирана годишна сметка и годишен извештај за работење | |
| Додаток 2- Консолдиирана Годишна сметка | |
| Додаток 3- Годишен Извештај за работење | |

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

## Извештај за консолидираните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци (Друштвото), кои што го вклучуваат Консолидираниот Извештај за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2021 година, како и Консолидираниот Биланс на успех, Консолидираниот Извештај за сеопфатна добивка, Консолидираниот Извештај за промени во главнината и Консолидираниот Извештај за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Друштвото е регистрирано во Р.Северна Македонија.
Погоре е наведено регистрираното седиште на друштвото
Фирми членки има во главните градови низ целиот свет

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за годината која завршува на 31 декември 2021 година.

Скопје, 28 април 2022 година

**Овластен ревизор**

Милена Јованова Димоска

**Управител и Овластен ревизор**

Антонио Вељанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 8 | 2,094,436 | 1,610,977 |
| Дадени попусти и дисконти | 8 | (176,236) | (141,858) |
| **Нето приходи од продажба** | | **1,918,200** | **1,469,119** |
| Трошоци на продадени производи | 9 | (947,357) | (792,516) |
| **БРУТО ДОБИВКА** | | **970,843** | **676,603** |
| Останати оперативни приходи | 10 | 60,232 | 59,068 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | 11 | (226,712) | (162,014) |
| Административни расходи | 12 | (125,693) | (111,120) |
| Останати оперативни расходи | 13 | (502,563) | (386,721) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | | **176,106** | **75,817** |
| Приходи (расходи) од финансирање | 14 | (17,728) | (5,542) |
| Капитални добивки (загуби) | | - | - |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **158,378** | **70,275** |
| Расход за данок од добивка | 16 | (21,573) | (11,807) |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **136,805** | **58,468** |
| **Нето добивка (загуба) на:** | | | |
| Сопствениците на матичното друштво | | 136,755 | 58,461 |
| Неконтролираното учество во подружниците | | 50 | 7 |
| | | **136,805** | **58,468** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | 32 | **506** | **216** |

**Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2021 и 2020 година, е како што следува:**

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,918,200 | 1,469,119 |
| Останати оперативни приходи | 60,232 | 59,068 |
| Промени во залихи на готови производи | (84,561) | (122,854) |
| Суровини и материјали | (740,219) | (530,377) |
| Амортизација | (103,271) | (101,590) |
| Трошоци за вработени | (176,189) | (158,813) |
| Останати оперативни расходи | (698,085) | (538,736) |
| **Оперативна добивка** | **176,106** | **75,817** |

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка за периодот** | | **136,805** | **58,468** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | | |
| Курсни разлики од преведување на странски валути | | 66 | (645) |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | 19 | 9,823 | 1,477 |
| Ревалоризационен вишок од проценка на основни средства | | - | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **9,889** | **832** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **146,694** | **59,299** |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба) на:** | | | |
| Сопствениците на матичното друштво | | 146,644 | 59,292 |
| Неконтролираното учество во подружниците | | 50 | 7 |
| | | **146,694** | **59,299** |

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 17 | 1,373,344 | 1,323,608 |
| Нематеријални средства | 18 | 9,227 | 10,479 |
| Дадени заеми | 23 | 130 | 1,390 |
| Вложувања расположливи за продажба | 19 | 28,805 | 18,982 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1,411,506** | **1,354,459** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 20 | 992,388 | 1,092,873 |
| Побарувања од продажба | 21 | 678,016 | 535,260 |
| Побарувања за дадени аванси | 22 | 36,492 | 29,435 |
| Дадени позајмици | 23 | 153,283 | 114,426 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 24 | 42,550 | 37,214 |
| Парични средства | 25 | 210,432 | 58,238 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,113,161** | **1,867,446** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3,524,667** | **3,221,905** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 26 | 842,962 | 842,962 |
| Премии на емитирани акции | | 169,135 | 169,135 |
| Резерви | | 105,538 | 105,472 |
| Ревалоризациони резерви и друго | | 28,575 | 18,752 |
| Акумулирана добивка | | 997,723 | 860,968 |
| **Главнина на сопствениците на Друштвото** | | **2,143,933** | **1,997,289** |
| Неконтролирано учество | | (740) | (790) |
| **Вкупно главнина** | | **2,143,193** | **1,996,499** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити и наеми | 29 | 392,407 | 507,748 |
| Одложени приходи од грантови | 28 | 21,931 | 18,922 |
| Резервирања за трошоци | 34 в | 14,029 | 14,029 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **428,367** | **540,699** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 30 | 708,613 | 521,294 |
| Краткорочни кредити | 31 | - | 40,000 |
| Тековна доспеаност на долгорочни обврски | 29 | 193,675 | 73,000 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 27 | 50,819 | 50,413 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **953,107** | **684,707** |
| **Вкупно обврски** | | **1,381,474** | **1,225,406** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **3,524,667** | **3,221,905** |

Управниот Одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци на ден 28. април 2022 година ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери за усвојување.

**Генерален Директор**
**Радош Вукичевиќ**

| | Белеш. | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **Добивка пред оданочување** | | **158,378** | **70,275** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација | 17 и 18 | 103,271 | 102,236 |
| Расходи (приходи) од камати и дивиденди, нето | 14 | 18,616 | 6,025 |
| Приходи од отпис на обврски | 10 | (3,882) | (474) |
| Амортизација на грантови | 28 | (3,088) | (3,088) |
| Исправка на вредност на побарувања | 13 | 33,814 | 475 |
| Отпис на побарувања за дадени аванси | | - | 139 |
| Приходи од донација на основно средство | 10 | - | - |
| Расход од донација на основно средство | 18 | 412 | - |
| Други расходи и усогласувања | | 66 | (645) |
| Капитална загуба (добивка) од основни средства | 13 | 631 | 156 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **308,218** | **175,099** |
| Побарувања од продажба | | (176,570) | (95,543) |
| Побарувања за дадени аванси | | (7,057) | 20,403 |
| Останати тековни средства и АВР | | (14,534) | 7,179 |
| Залихи | | 100,486 | 87,444 |
| Обврски од добавувачи | | 191,201 | 30,231 |
| Останати тековни обврски и ПВР | | 7,265 | 2,617 |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **409,008** | **227,430** |
| Платена камата | | (20,208) | (9,033) |
| Платен данок од добивка | | (13,135) | (15,850) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **375,665** | **202,547** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Приливи (одливи) од купопродажба на вложувања | 19 | - | - |
| Наплатени (дадени) позајмици, нето | 23 | (37,597) | (44,164) |
| Примени камати | 14 | 185 | 41 |
| Примени дивиденди | 14 | 1,405 | 1,073 |
| Купување на недвижности, постројки и опрема | 17 | (151,092) | (72,911) |
| Купување на лиценци | 18 | (1,706) | (850) |
| Продажби на недвижности, постројки и опрема | 17 | - | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(188,805)** | **(116,811)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Исплатени дивиденди | | - | - |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | 29 | 5,334 | (44,795) |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | 31 | (40,000) | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(34,666)** | **(44,795)** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | | **152,194** | **40,941** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | 25 | **58,238** | **17,297** |
| **Парични средства на крајот од годината** | 25 | **210,432** | **58,238** |

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА за годината која завршува на 31 декември

| | Обични акции | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на Акции | Износ | Резерви | Премии на емитир. акции | Објективна вредност на вложувања | Реинвестирана добивка | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно | Неконтролирано учество | Вкупно главнина |
| **Во (000) МКД** | | | | | | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2020** | 270,450 | 842,962 | 106,118 | 169,135 | 17,275 | 414,462 | 388,045 | 1,937,997 | (795) | 1,937,202 |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | - | - | - | 58,461 | 58,461 | 6 | 58,467 |
| Усогласување на вложувања расположиви за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | 1,477 | - | - | 1,477 | - | 1,477 |
| Курсни разлики од преведување на странски валути | - | - | (645) | - | - | - | - | (645) | - | (645) |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | (645) | - | 1,477 | - | 58,461 | 59,292 | 6 | 59,298 |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | | - | | | | |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - | - | - | - | - | | - |
| Издвојување за дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвоено за реинвестирана добивка | - | - | - | - | - | 166,402 | (166,402) | - | 0 | 0 |
| Останато | - | - | - | - | - | - | - | - | (1) | (1) |
| **Состојба на 31 декември 2020** | 270,450 | 842,962 | 105,472 | 169,135 | 18,752 | 580,864 | 280,104 | 1,997,289 | (790) | 1,996,499 |

| | Обични акции | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на Акции | Износ | Резерви | Премии на емитир. акции | Објективна вредност на вложувања | Реинвести рана добивка | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно | Неконтрол ирано учество | Вкупно главнина |
| **Во (000) МКД** | | | | | | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2021** | 270,450 | 842,962 | 105,472 | 169,135 | 18,752 | 580,864 | 280,104 | 1,997,289 | (790) | 1,996,499 |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | - | - | - | 136,755 | 136,755 | 50 | 136,805 |
| Усогласување на вложувања расположиви за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | 9,823 | - | - | 9,823 | - | 9,823 |
| Курсни разлики од преведување на странски валути | - | - | 66 | - | - | - | - | 66 | - | 66 |
| Останато | - | - | - | | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | 66 | - | 9,823 | - | 136,755 | 146,644 | 50 | 146,694 |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | | - | | | | |
| Издвојување за резерви | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвоено за реинвестирана добивка | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останато | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2021** | 270,450 | 842,962 | 105,538 | 169,135 | 28,575 | 580,864 | 416,859 | 2,143,933 | (740) | 2,143,193 |

## 1. Основни податоци и дејност

Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт импорт АД - Кавадарци (во понатамошниот текст Друштвото) е настанато со поделба на АД Агрокомбинат ТИКВЕШ ц.о. - Кавадарци на повеќе друштва.

Седиштето на Друштвото е во Кавадарци на ул.8-ми Септември бр.5

Основна дејност на Друштвото е производство на вина. Работата на Друштвото е организирана преку следните организациони делови:

- Управа на Друштвото;
- Сектор за производство;
- Сектор за комерцијално и маркетиншко работење;
- Финансов сектор и
- Одделение за општи и правни работи

Вкупниот број на вработени во Друштвото со 31 декември 2021 година изнесува 213 вработени (2020: 198 вработени).

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи

### 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Консолидираните финансиски извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 44, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Консолидираните финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (Белешка 3.11) и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност (Белешка 3.10).

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

### 2.3. Принципи на консолидација

Консолидацијата на финансиските извештаи на друштвата е извршена на следниот начин:

- Прво, се собираат поединечно салдата на сите позиции на средствата, обврските, капиталот, од билансот на состојба на 31 декември, како и приходите и расходите, од билансот на успех;
- Второ, во целост се елиминираат салдата на побарувањата и обврските на 31 декември, кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата;
- Трето, во целост се елиминираат салдата на вложувањата на матичното друштво во зависните друштва (подружници) со состојба на 31 декември и салдото на делот од капиталот на тие друштва, кој се однесува на тие вложувања, а остатокот на капиталот, е прикажан во консолидираниот биланс на состојба како неконтролирано учество;
- Четврто, во целост се елиминираат приходите и расходите кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата.

### 2.4. Подружници

Подружници се правни лица каде што матичното друштво има контрола врз финансиските и деловните политики и поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во тие друштва. Постоењето на и ефектот од поседувањето на гласачката сила се зема во предвид при одредувањето на тоа дали Друштвото има контрола над тие правни лица. Вложувањата на Друштвото во подружниците се евидентирани во посебните финансиски извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност.

Подружниците се целосно консолидирани во моментот на воспоставување на контрола над истите од страна на Друштвото. Подружниците се исклучуваат од консолидација во моментот на престанок на контрола од страна на Друштвото.

Приложените консолидирани финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на матичното друштво и на следните подружници:

| | 2021<br>% на учество | 2020<br>% на учество |
|---|---|---|
| Винојуг ДООЕЛ Гевгелија | 100.00% | 100.00% |
| Машински Сервис ДООЕЛ | 100.00% | 100.00% |
| Тиквеш-Вински туризам ДООЕЛ | 100.00% | 100.00% |
| М-6 Тиквеш ДОО Белград | 99.00% | 99.00% |
| ВВ Тиквеш Продаја ДОО Загреб | 100.00% | 100.00% |
| Вински Клуб ДООЕЛ | 100.00% | 0.00% |

## 2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

### 2.5. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

Раководството примени проценки, расудувања и претпоставки врз основа на анализа на влијанијата кои ги има, или може да ги има глобалната пандемија на коронавирусот Covid 19 врз Друштвото, врз основа на расположливи информации. Оваа анализа ги опфаќа природата на понудените услуги, клиенти, синџир на снабдување, персоналот и географскиот регион каде Друштвото работи. Освен доколку не е поинаку наведено во конкретните белешки од овие финансиски извештаи, раководството смета дека не постојат било какви значајни несигурности во врска со настаните и условите што можат неповолно да влијаат врз работењето на Друштвото.

### 2.6. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.
Глобалната пандемија предизвикана од корона вирусот (COVID 19) која беше прогласена од страна на СЗО во март 2020 година продолжи и во тековната година. Раководството смета дека во моментов не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Друштвото.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

### 3.1. Приходи од продажба

*Продажба на производи и стоки*

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

*Обезбедување на услуги*

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

### 3.2. Приходи од финансирање

Раководството примени проценки, расудувања и претпоставки врз основа на анализа на влијанијата кои ги има, или може да ги има глобалната пандемија на коронавирусот Covid 19 врз Друштвото, врз основа на расположливи информации. Оваа анализа ги опфаќа природата на понудените услуги, клиенти, синџир на снабдување, персоналот и географскиот регион каде Друштвото работи. Освен доколку не е поинаку наведено во конкретните белешки од овие финансиски извештаи, раководството смета дека не постојат било какви значајни несигурности во врска со настаните и условите што можат неповолно да влијаат врз работењето на Друштвото.

## 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи (Продолжение)

## 2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.
Глобалната пандемија предизвикана од корона вирусот (COVID 19) која беше прогласена од страна на СЗО во март 2020 година продолжи и во тековната година. Раководството смета дека во моментов не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Друштвото.

## 3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

## 3.1. Приходи од продажба

*Продажба на производи и стоки*

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

*Обезбедување на услуги*

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

### 3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

### 3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2021 и 2020, се следните:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| 1 ЕУР = | 61.6270 МКД | 61.6940 МКД |
| 1 ЦХФ = | 59.4683 МКД | 56.8242 МКД |
| 1 УСД = | 54.3736 МКД | 50.2353 МКД |

### 3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица (2020: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2020: 10%).

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.5. Данок од добивка (тековен и одложен) (Продолжение)**

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 16.

**3.6. Заработувачка по акција**

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

**3.7. Парични средства**

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, денарски депозити по видување и орочени депозити со рок на достасување до три месеци.

**3.8. Побарувања од купувачи**

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

**3.9. Залихи**

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.10. Вложувања во подружници**

Вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Друштвото поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во други друштва. Вложувањата во подружници се евидентирани во финансиските извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност, намалени за евентуалните обезвреднувања на вредноста.

**3.11. Вложувања расположливи за продажба**

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.
Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината односно во останатата сеопфатна добивка, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

**3.12. Недвижности, постројки и опрема (НПО)**

*(1) Општа објава*

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.
Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.
Согласно параграф 17 од објавениот МСС 8 - Сметководствените политики, промени на сметководствени проценки и грешки, ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.12. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

*(2) Амортизација*

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2021 година во однос на 2020 година се следните:

| | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Недвижности | 2.5-10 % | 2.5-10 % | 10-40 години | 10-40 години |
| Постројки и опрема | 10 % | 10 % | 10 години | 10 години |
| Возила | 10-25 % | 10-25 % | 4-10 години | 4-10 години |
| Компјутерска опрема | 25 % | 25 % | 4 години | 4 години |
| Канцелариски мебел | 20 % | 20 % | 5 години | 5 години |

### 3.13. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

### 3.14. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

## 3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

### 3.15. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната амортизирана набавна вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

### 3.16. Капитал

*(1) Основна главнина*

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

*(2) Законски резерви*

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

*(3) Ревалоризациона резерва*

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 3.12. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

**3. Основни сметководствени политики (Продолжение)**

**3.17. Користи на вработените**

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

*(1) Краткорочни користи за вработените*

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

*(2) Користи по престанок на вработувањето*

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

**3.18. Резервации**

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

**3.19. Неизвесности**

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат. Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

### 4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

#### 4.1. Пазарен ризик

***Ризик од промени на курсевите***

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Северна Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, чиј ефект е даден во табелата подолу.

***Ризик од промени на цените***

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Изложеноста на Друштвото на ваков вид на ризик е даден преку износите на овие вложувања во белешката 19.

#### 4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се голем број на друштва во земјата и странство. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

#### 4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото има користено вакви кредити и позајмици, може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењата на финансиските пазари и Друштвото нема начин истиот да го намали.

#### 4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.

## 4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)

### 4.5. Даночен ризик

Согласно законските прописи во РСМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината.
Во текот на 2021 година, извршена е контрола на данок на додадена вредност за период од 2018-2020 година и на данок од добивка за период од 2017-2019 година, додека на персонален данок на доход и придонеси на лични примања не е извршена контрола. Од спроведената контрола не се констатирани забелешки. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2021 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

## 5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба, со исклучок на вложувањата расположливи за продажба кои имаат карактер на долгорочни средства и за кои објективната вредност е утврдена врз основа на последната пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба.

## 6. Финансиски инструменти

### 6.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември 2021 и 2020 година е следната:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Обврски по кредити и заеми | 586,082 | 620,748 |
| Пари и парични еквиваленти | (40,232) | (15,148) |
| **Нето обврски (пари)** | **545,850** | **605,600** |
| **Вкупен капитал** | **2,335,678** | **2,181,418** |
| **% на задолженост** | **23%** | **28%** |

### 6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31 декември 2021 и 2020 година по валути е следната:

| | Средства | | Обврски | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 |
| ЕУР | 558,028 | 416,940 | 303,704 | 267,788 |
| УСД | 8,376 | 2,801 | 1,070 | 588 |
| Други | 220 | 510 | 426 | 60 |
| | **566,624** | **420,251** | **305,200** | **268,436** |

Друштвото претежно е изложено на ЕУР. Изложеноста спрема ЕУР кај обврските ги вклучува и обврските по кредити од домашни банки кои имаат девизна клаузула и чија отплата во денари зависи од движењата на курсот на денарот во однос на Еврото.

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | Зголемувања за 10% | | Намалувања за 10% | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 |
| ЕУР | 25,432 | 14,915 | (25,432) | (14,915) |
| УСД | 731 | 221 | (731) | (221) |
| Други | (21) | 45 | 21 | (45) |
| **Нето Ефект** | **26,142** | **15,182** | **(26,412)** | **(15,182)** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

| | 31 декември | |
|---|---|---|
| | **2021** | **2020** |
| **Финансиски средства** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Парични средства | 6 | 91 |
| - Побарувања од купувачи | 767,774 | 614,599 |
| - Останати побарувања и позајмици | 206,226 | 143,788 |
| - Вложувања во подружници | 112,278 | 112,278 |
| - Вложувања расположливи за продажба | 28,805 | 18,982 |
| | **1,115,089** | **889,738** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| - Парични средства на сметки | 40,226 | 15,057 |
| - Дадени депозити во банки | - | - |
| | **40,226** | **15,057** |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | |
| - Долгорочни дадени заеми | 1,577 | 8,692 |
| | **1,577** | **8,692** |
| | **1,156,891** | **913,486** |
| **Финансиски обврски** | | |
| *Некаматоносни:* | | |
| - Обврски кон добавувачи | 507,125 | 428,853 |
| - Останати тековни обврски | 26,348 | 23,852 |
| - Позајмици | - | - |
| | **533,473** | **452,705** |
| *Каматоносни со променлива камата:* | | |
| - Кредити од банки и наеми | 449,849 | 461,581 |
| | **449,849** | **461,581** |
| *Каматоносни со фиксна камата:* | | |
| - Кредити од банки и наеми | 136,233 | 159,167 |
| | **136,233** | **159,167** |
| | **1,119,555** | **1,073,453** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.3. Ризик од промени на каматите

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување на каматните стапки на користените кредити и дадени депозити во банки за 1% поени. Анализата е направена на салдата на обврски за кредити и дадени депозити на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | Зголемувања за 1% поени | | Намалувања за 1% поени | |
|---|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| Земени кредити | (4,498) | (4,616) | 4,498 | 4,616 |
| Дадени депозити | - | - | - | - |
| **Нето Ефект** | **(4,498)** | **(4,616)** | **4,498** | **4,616** |

### 6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2021 година според нивната доспеаност:

| | **До 1 месец** | **1 - 3 мес.** | **3-12 мес.** | **Над 12 мес.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 40,232 | - | - | - | **40,232** |
| Купувачи | 517,839 | 162,802 | 87,133 | - | **767,774** |
| Останати побарув. и позајмици. | 206,226 | - | - | - | **206,226** |
| Дадени заеми | - | - | 1,447 | 130 | **1,577** |
| Вложувања | - | - | 28,805 | 112,278 | **141,083** |
| | **764,297** | **162,802** | **117,385** | **112,408** | **1,156,892** |
| | | | | | |
| Добавувачи | 176,913 | 199,291 | 130,921 | - | **507,125** |
| Кредити и наеми | 21,091 | 26,166 | 146,418 | 392,407 | **586,082** |
| Останати обврски | 26,348 | - | - | - | **26,348** |
| | **224,352** | **225,457** | **277,339** | **392,407** | **1,119,555** |

## 6. Финансиски инструменти (Продолжение)

### 6.4. Ризик од ликвидност (Продолжение)

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2020 година според нивната доспеаност:

| | До 1 месец | 1 - 3 мес. | 3-12 мес. | Над 12 мес. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 15,148 | - | - | - | **15,148** |
| Купувачи | 409,879 | 162,000 | 42,720 | - | **614,599** |
| Останати побарув. и позајмици | 143,788 | - | - | - | **143,788** |
| Дадени заеми | - | - | 7,302 | 1,390 | **8,692** |
| Вложувања | - | - | 18,982 | 112,278 | **131,260** |
| | **568,815** | **162,000** | **69,004** | **113,668** | **913,487** |
| Добавувачи | 260,006 | 91,305 | 77,542 | - | **428,853** |
| Кредити | 11,114 | 1,448 | 100,438 | 507,748 | **620,748** |
| Останати обврски | 23,852 | - | - | - | **23,852** |
| | **294,972** | **92,753** | **177,980** | **507,748** | **1,073,453** |

## 7. Известување по сегменти

Друштвото во текот на своето работење е организирано во следните деловни сегменти:

- Флаширано вино;
- Наливно вино;
- Алкохолни пијалоци;
- Пиво и
- Останато

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31 декември 2021 година како и останатите сегменти информации се следните:

| | Флаширано Вино | Наливно вино | Алкохо-лни пијалоци | Пиво | Оста-нато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,653,542 | - | 278,259 | - | 9,400 | **1,941,201** |
| Дадени рабати (-) | (153,167) | - | (23,030) | - | (20) | **(176,217)** |
| Нето приходи од продажба | **1,500,375** | **-** | **255,229** | **-** | **9,380** | **1,764,984** |
| **Оперативна добивка/резултат на сегментот** | **155,780** | **-** | **26,500** | **-** | **974** | **183,253** |
| Приходи(расходи) од финансирање | | | | | | **(17,240)** |
| Добивки (загуби) од вложувања | | | | | | **-** |
| **Бруто добивка** | | | | | | **166,013** |
| Данок од добивка | | | | | | (21,576) |
| **Нето добивка** | | | | | | **144,437** |
| **Други информации** | | | | | | |
| Вкупни средства по сегменти | 2,984,457 | - | 507,686 | - | 18,658 | **3,510,802** |
| Вкупни обврски по сегменти | 998,948 | - | 169,93 | - | 6,245 | **1,175,124** |
| Амортизација | 85,571 | - | 14,557 | - | 535 | **100,663** |
| Инвестиции во основни средства | 127,226 | - | 21,642 | - | 795 | **149,664** |

## 7. Известување по сегменти (Продолжение)

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31 декември 2020 година како и останатите сегменти информации се следните:

| | **Флаширано Вино** | **Наливно вино** | **Алкохолни пијалоци** | **Пиво** | **Останато** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,269,735 | - | 234,319 | - | 1,726 | **1,505,780** |
| Дадени рабати (-) | (123,644) | - | (18,288) | - | (6) | **(141,938)** |
| **Нето приходи од прод.** | **1,146,091** | **-** | **216,031** | **-** | **1,720** | **1,363,842** |
| **Оперативна добивка/резултат на сегментот** | **71,180** | **-** | **13,417** | **-** | **107** | **84,703** |
| Приходи(расходи) од финансирање | | | | | | **(5,270)** |
| Добивки (загуби) од вложувања | | | | | | **-** |
| **Бруто добивка** | | | | | | **79,433** |
| Данок од добивка | | | | | | (11,795) |
| **Нето добивка** | | | | | | **67,638** |
| **Други информации** | | | | | | |
| Вкупни средства по сегменти | 2,773,690 | - | 522,823 | - | 4,163 | **3,300,676** |
| Вкупни обврски по сегменти | 940,557 | - | 177,289 | - | 1,412 | **1,119,258** |
| Амортизација | 83,010 | - | 15,647 | - | 125 | **98,781** |
| Инвестиции во основни средства | 53,671 | - | 10,117 | - | 81 | **63,868** |

### 7. Известување по сегменти (Продолжение)

Република Македонија е матична земја за Друштвото, при што истото остварува дел од своите активности (продажби) и на надворешните пазари, и тоа како што следува:

| **Продажби во:** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| Република Македонија – Сектор 1 | 883,828 | 688,591 |
| Република Србија – Сектор 2 | 396,749 | 297,675 |
| Југоисточна Европа - Сектор 3 | 409,926 | 307,418 |
| Останато – Сектор 4 | 74,481 | 70,158 |
| **Вкупно** | **1,764,984** | **1,363,842** |

Прикажувањето на продажбите е според потеклото на купувачите.

| **Вкупни средства во:** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| Република Македонија – Сектор 1 | 2,999,905 | 2,919,622 |
| Република Србија – Сектор 2 | 451,818 | 334,600 |
| Југоисточна Европа - Сектор 3 | 24,242 | 24,885 |
| Останато – Сектор 4 | 34,837 | 21,569 |
| **Вкупно** | **3,510,802** | **3,300,676** |

| **Вкупни инвестиции во:** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| Република Македонија – Сектор 1 | 149,664 | 63,868 |
| Република Србија – Сектор 2 | - | - |
| Југоисточна Европа - Сектор 3 | - | - |
| Останато – Сектор 4 | - | - |
| **Вкупно** | **149,664** | **63,868** |

Информации за главни купувачи во 2021 година (над 10% од вкупен приход):

| **Купувач** | **% на учество во приходи** | **Износ на приходи** |
|---|---|---|
| М-6 Тиквеш ДОО Белград | 22,48% | 451,818 |

Информации за главни купувачи во 2020 година (над 10% од вкупен приход):

| **Купувач** | **% на учество во приходи** | **Износ на приходи** |
|---|---|---|
| М-6 Тиквеш ДОО Белград | 21,83% | 334,600 |

## 8. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| а) Анализа по пазари | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажби на домашен пазар | 1,038,735 | 816,038 |
| Приходи од продажби на странски пазар | 902,466 | 689,742 |
| Намалено за дадени рабати | (176,217) | (141,938) |
| **Вкупно приходи од продажба** | **1,764,984** | **1,363,842** |

| б) Анализа по видови | | |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на флаширано вино | 1,653,542 | 1,269,735 |
| Приходи од продажба на жестоки пијалоци | 278,259 | 234,319 |
| Приходи од продажба на пиво | - | - |
| Останати приходи | 9,400 | 1,726 |
| Намалено за дадени рабати | (176,217) | (141,938) |
| **Вкупно приходи од продажба** | **1,764,984** | **1,363,842** |

## 9. ТРОШОЦИ НА ПРОДАДЕНИ ПРОИЗВОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Залихи на почетокот на годината | 898,990 | 1,021,844 |
| *Производни трошоци во тек на година:* | | |
| Потрошени суровини и материјали | 705,819 | 514,555 |
| Енергија | 25,379 | 25,339 |
| Амортизација | 78,165 | 79,129 |
| Плати на директни работници | 53,454 | 50,645 |
| Кусоци (вишоци) по попис | - | - |
| Залихи на крајот на годината | (814,429) | (898,990) |
| **Вкупно трошоци на продадени производи** | **947,378** | **792,522** |

## 10. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од наемнина | 1,783 | 121 |
| Приходи од ресторан и посетители | - | 2,076 |
| Приходи од продажба на материјали | 16,079 | 6,560 |
| Приходи од амортизација на грантови (бел.28) | 3,088 | 3,088 |
| Приходи од субвенции од државата | 2,276 | 9,117 |
| Приходи од наплата на судски спорови | - | - |
| Приходи од отпис на обврски | 3,882 | 474 |
| Приходи од поврзани субјекти | 2,876 | 2,097 |
| Приходи од префактурирање на стоки и материјали | 6,962 | 17,723 |
| Останати приходи | 8,303 | 8,454 |
| **Вкупно останати оперативни приходи** | **45,249** | **49,710** |

## 11. ДИСТРИБУТИВНИ (ПРОДАЖНИ) РАСХОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Транспорт на производи на домашен пазар | 9,116 | 8,258 |
| Транспорт на производи на странски пазар | 4,365 | 4,036 |
| Трошоци за унапредување на продажбата | 111,732 | 61,004 |
| Трошоци за саеми | 7,583 | 3,337 |
| Трошоци за маркетинг и пропаганда | 93,284 | 85,239 |
| **Вкупно продажни расходи** | **226,080** | **161,874** |

## 12. АДМИНИСТРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Плати на административни работници | 66,640 | 66,854 |
| Трошоци за надоместоци на вработените | 26,150 | 22,522 |
| Трошоци за службени патувања | 13,439 | 6,784 |
| **Вкупно административни расходи** | **106,229** | **96,160** |

## 13. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Набавна вредност на продадени стоки и материјали | 44,762 | 45,648 |
| Останати услуги | 44,527 | 44,365 |
| Репрезентација | 55,236 | 42,448 |
| Трошоци за наемнини | 21,807 | 20,009 |
| Потрошена енергија | 10,071 | 6,443 |
| Трошоци за телефони | 5,486 | 4,988 |
| Даноци и придонеси - останати | 11,625 | 7,565 |
| Амортизација | 22,498 | 19,652 |
| Премии за осигурување | 13,681 | 10,598 |
| Потрошени резервни делови | 8,751 | 7,927 |
| Спонзорства | 4,505 | 2,652 |
| Услуги за одржување и заштита | 6,517 | 5,496 |
| Банкарски провизии | 6,299 | 5,826 |
| Кусоци | 712 | 816 |
| Капитална (добивка) загуба од отуѓување на основни средства | 631 | 156 |
| Исправка и отпис на побарувања | 10,652 | 615 |
| Останати општи расходи | 79,533 | 53,089 |
| **Вкупно останати оперативни расходи** | **347,293** | **278,293** |

## 14. ПРИХОДИ (РАСХОДИ) ОД ФИНАНСИРАЊЕ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од дивиденди | 1,405 | 1,073 |
| Приходи по основ на камати | 7 | 27 |
| Приходи по основ на курсни разлики | 2,453 | 1,706 |
| Расходи за камати од кредити | (16,246) | (5,564) |
| Расходи за казнени и други камати | (3,394) | (1,324) |
| Курсни разлики | (1,465) | (1,188) |
| **Вкупно нето приходи (расходи) од финансирање** | **(17,240)** | **(5,270)** |

## 15. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Бруто плати на вработени | 117,136 | 114,547 |
| Трошоци за надоместоци на вработените | 26,150 | 22,522 |
| Трошоци за службени патувања | 13,439 | 6,784 |
| **Вкупно трошоци за вработени** | **156,725** | **143,853** |

## 16. ДАНОК ОД ДОБИВКА

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | **166,013** | **79,433** |
| **Непризнаени расходи:** | | |
| Репрезентација | 63,591 | 60,845 |
| Надоместоци на трошоци за невработени лица | 25,107 | 20,031 |
| Трошоци за членови на Управен одбор | 4,055 | 3,241 |
| Даноци по задршка (одбивка) | 2,544 | 895 |
| Исправка и отпис на побарувања | 10,652 | 555 |
| Ненаплатени побарувања од заеми | 447 | 750 |
| Друго | 13,903 | 9,139 |
| Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста на Друштвото | 4,331 | 3,192 |
| Парични казни и пенали | - | 17 |
| Камати по заеми добиени од поврзано лице | 615 | 1,518 |
| Донации | 316 | 2,346 |
| Трошок за амортизација на основни средства | 2,500 | 2,448 |
| Трошоци за стипендии | 192 | 64 |
| **Даночна основа пред даночни ослободувања** | **294,266** | **184,474** |
| Други намалувања | (1,405) | (1,073) |
| Реинвестирана добивка и наплатени заеми од претходен период | (73,939) | (41,991) |
| **Даночна основа** | **218,922** | **141,410** |
| **Пресметан данок од добивка од 10% (2020: 10%)** | **21,892** | **14,141** |
| Други намалувања | (316) | (2,346) |
| **Данок од добивка** | **21,576** | **11,795** |
| **Добивка пред оданочување** | **166,013** | **79,433** |
| **Ефективна даночна стапка** | **13.00%** | **14.85%** |

## 17. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

### Промени во текот на 2021 година:

| | Земјиште и градежни објекти (000) МКД | Постројки и опрема (000) МКД | Останати основни средства (000) МКД | Инвестиции во тек (000) МКД | Вкупно (000) МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **1,605,214** | **1,298,273** | **48,583** | **34,860** | **2,986,930** |
| Директни зголемувања | 10,238 | 44,892 | 38,499 | 56,035 | 149,664 |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | - | - | - |
| Продажба | - | - | (2,367) | - | (2,367) |
| Расход | - | (2,601) | - | - | (2,601) |
| Донација на средство | - | - | (482) | - | (482) |
| **Состојба на 31 декември** | **1,615,452** | **1,340,564** | **84,233** | **90,895** | **3,131,144** |
| | | | | | |
| **Акумулирана амортизација** | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **763,094** | **936,048** | **20,480** | **-** | **1,719,622** |
| Амортизација за годината | 39,106 | 48,437 | 10,566 | - | 98,109 |
| Продажба | - | - | (1,736) | - | (1,736) |
| Расход | - | (2,601) | - | - | (2,601) |
| Донација на средство | | | (70) | | (70) |
| **Состојба на 31 декември** | **802,200** | **981,884** | **29,240** | **-** | **1,813,324** |
| | | | | | |
| **Сегашна вредност на:** | | | | | |
| **31.12.2021 година** | **813,252** | **358,680** | **54,993** | **90,895** | **1,317,820** |
| **31.12.2020 година** | **842,120** | **362,225** | **28,103** | **34,860** | **1,267,308** |

Со состојба на 31 декември 2021 година, најголем дел од недвижен и подвижен имот на Друштвото е заложен како обезбедување за искористените краткорочни и долгорочни кредити, гаранции и акредитиви кај банките во Република Северна Македонија, пред се кај Комерцијална банка АД Скопје, како најголема банка доверител на Друштвото.

Сите недвижности со кои располага Друштвото се користат за извршување на неговите активности.

## 18. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **21,277** | **20,433** |
| Набавки | 903 | 844 |
| Активирање на средства од инвестиции во тек | - | - |
| Расход | - | - |
| **Состојба на 31 декември** | **22,180** | **21,277** |
| **Акумулирана амортизација** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **11,734** | **9,082** |
| Амортизација за тековна година | 2,554 | 2,652 |
| Расход | - | - |
| **Состојба на 31 декември** | **14,288** | **11,734** |
| **Сегашна вредност на 31 декември** | **7,892** | **9,543** |

Нематеријалните средства во целост се состојат од купени лиценци или права кои се користат за обавување на дејноста на Друштвото.

## 19. ВЛОЖУВАЊА

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| **А. Вложувања расположливи за продажба** | | |
| **а) котирачки домашни друштва** | | |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 26,889 | 16,919 |
| ТТК Банка АД Скопје | 209 | 209 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | 96 | 99 |
| **б) останати домашни друштва** | | |
| Македонска Банка АД Скопје во ликвидација | 3,860 | 3,860 |
| Илинден Делчево АД | 1,061 | 1,061 |
| Таска ПТП АД | 15 | 159 |
| Пакомак ДОО Скопје | 652 | 652 |
| УТП Унионмак АД | 944 | 944 |
| | **33,726** | **23,903** |
| Исправка на вредноста на вложувањата | (4,921) | (4,921) |
| | **28,805** | **18,982** |
| **Б. Вложувања во подружници** | | |
| Tikves Wine LTD (51% поседувана) | 936 | 936 |
| Винојуг ДООЕЛ Гевгелија (100% поседувана) | 35,841 | 35,841 |
| Машински сервис ДООЕЛ Кавадарци (100% поседувана) | 1,137 | 1,137 |
| М-6 Тиквеш ДОО Белград (99% поседувана) | 74,821 | 74,821 |
| Тиквеш-Вински туризам ДООЕЛ ( 100% поседувана) | 310 | 310 |
| VV Tikves Prodaja DOO Zagreb (100% поседувана) | 169 | 169 |
| Вински клуб ДООЕЛ (100% поседувана) | - | - |
| | **113,214** | **113,214** |
| Исправка на вредноста на вложувањата | (936) | (936) |
| | **112,278** | **112,278** |
| **Вкупно вложувања** | **141,083** | **131,260** |

Во текот на 2021 година, Друштвото основало нова подружница Вински клб ДООЕЛ, чиј капитал до датумот на известување се уште не е уплатен.

Исправката на вредност на вложувањата се однесува на вложувањето во акции на Македонска банка АД во ликвидација во износ од 3,860 илјади МКД; Илинден Делчево АД во износ од 1,061 илјади МКД и Tikves Wine LTD во износ од 936 илјади МКД.

## 20. ЗАЛИХИ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Материјали | 51,313 | 44,967 |
| Резервни делови | 20,448 | 19,178 |
| Ситен инвентар и амбалажа | 37,496 | 37,530 |
| Готови производи | 814,429 | 898,990 |
| Трговски стоки | 49,709 | 67,728 |
| **Вкупно залихи** | **973,395** | **1,068,393** |

Со состојба на 31 декември 2021 година, Друштвото има заложено залиха на готови производи (вино) со вкупна вредност од 119,442 илјади МКД (2020: 105,761 илјади МКД).

## 21. ПОБАРУВАЊА ОД ПРОДАЖБА

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 189,598 | 165,630 |
| Купувачи во странство | 491,303 | 369,970 |
| Побарувања од дистрибутери на пијалоци-Македонија | 69,266 | 63,092 |
| Побарувања од дистрибутери на пијалоци-Скопје | 35,313 | 33,525 |
| Спорни побарувања во земјата | 32,309 | 32,309 |
| Спорни побарувања во странство | 35,637 | 35,531 |
| | **853,426** | **700,057** |
| Минус: Исправка на вредноста на купувачи во земјата | (49,321) | (49,321) |
| Минус: Исправка на вредноста на купувачи во странство | (36,331) | (36,137) |
| **Вкупно побарувања од продажба** | **767,774** | **614,599** |
| *Промени во исправка на вредноста за годината:* | | |
| **Состојба на 1 јануари** | **85,458** | **93,957** |
| Нови сомнителни побарувања | - | 476 |
| Наплати на сомнителни побарувања | - | - |
| Отписи | - | (8,975) |
| Курсни разлики | 194 | - |
| **Состојба на 31 декември** | **85,652** | **85,458** |
| **Структура на побарувања по доспеаност:** | | |
| Недоспеани | 263,635 | 288,321 |
| Доспеани до 30 дена | 132,775 | 57,685 |
| Доспеани до 90 дена | 117,522 | 72,560 |
| Доспеани над 90 дена | 339,494 | 281,491 |
| Исправка на сомнителни побарувања | (85,652) | (85,458) |
| **Вкупно побарувања од продажба** | **767,774** | **614,599** |

## 22. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Дадени аванси на добавувачи во земјата | 16,197 | 18,939 |
| Дадени аванси на добавувачи во странство | 20,288 | 11,690 |
| | **36,485** | **30,629** |
| Исправка на вредноста на побарувања за дадени аванси | - | (1,307) |
| **Вкупно побарувања за дадени аванси** | **36,485** | **29,322** |

## 23. ДАДЕНИ ЗАЕМИ

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| *Долгорочни заеми:* | | |
| Вработени во Тиквеш АД Кавадарци | - | - |
| Вработени во Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ | 130 | 1,390 |
| | **130** | **1,390** |
| *Краткорочни заеми:* | | |
| М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје | 67,423 | 24,376 |
| М-6 Еден Логистика ДООЕЛ Скопје | 21,604 | 21,604 |
| Барово ДООЕЛ Скопје | 24,728 | 18,793 |
| Тиквеш - Вински туризам ДООЕЛ | 36,585 | 33,663 |
| Винојуг ВВТ Гевгелија | 10,206 | 9,075 |
| Машински сервис ДООЕЛ Кавадарци | 8,849 | 7,446 |
| Беким Аземи Тетово | 1,504 | 1,504 |
| Кат Кетеринг ДООЕЛ Скопје | 1,655 | 1,655 |
| Вработени во Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ | 766 | 6,382 |
| Лепово ДООЕЛ Кавадарци | 12,016 | 10,971 |
| Мегатон Продукција ДООЕЛ | 1,600 | 1,600 |
| Вработени во Тиквеш АД Скопје | 681 | 920 |
| Агровардарие ДООЕЛ | 7,739 | 4,681 |
| Аврамски ДООЕЛ | 1,000 | 1,000 |
| Гордана Аврамски | 550 | 550 |
| Идеја ИВ Глобал ДООЕЛ | 1,197 | - |
| Вински Клуб ДООЕЛ | 836 | - |
| Останати позајмици | 2,793 | 407 |
| Дадени позајмици на контролори | 15 | 15 |
| | **201,747** | **144,642** |
| Минус: Исправка на вредноста на дадени заеми | - | - |
| | 201,747 | 144,642 |
| **Вкупно дадени заеми** | **201,877** | **146,032** |

## 24. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА И АВР

| | 2021<br>(000) МКД | 2020<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Побарувања за данок од добивка | 985 | 9,634 |
| Побарувања за акциза | - | 31 |
| Останати побарувања од субјекти | 1,293 | 1,293 |
| Побарувања од вработените и други побарувања | 4,633 | 5,155 |
| Однапред платени трошоци | 17,334 | 2,959 |
| **Вкупно останати краткорочни средства и АВР** | **24,245** | **19,072** |

## 25. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Денарски сметки кај комерцијални банки | 20,960 | 13,387 |
| Денарски акредитиви | - | - |
| Државјанство | Австралиско |
| Занимање | Дипломиран економист |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 26.12.2014 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | |
| Членство во органи на управување на други друштва | Член на НО „МГИ" ДОО Експорт-Импорт, Скопје<br>Член на Управен одбор во Аутомакедонија АД Скопје |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | |

| | |
|---|---|
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

| | ***Љупчо Крстевски Член на Управен одбор*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | 64 |
| Датум на раѓање | 01.01.1957 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | Дипломиран машински инженер |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 01.11.2003 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | 713.671,00 |
| Членство во органи на управување на други друштва | Потпретседател на НО во Одбојкарска Федерација на Македонија |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | / |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

| | ***Искра Клинкарова***<br>***Член на Управен одбор*** |
|---|---|
| Пол | женски |
| Возраст (години) | 37 |
| Датум на раѓање | 11.01.1984 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | Инвестициски аналитичар и банкар за управување со средства |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 17.02.2020 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 151.418,00 |
| Членство во органи на управување на други друштва | Член на Надзорен одбор во Аутомакедонија АД Скопје |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | М6 ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ Скопје |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | 1.165.467 ден. |

| | ***Радош Вукиќевиќ***<br>***Член на Управен одбор и Генерален директор*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | 45 |
| Датум на раѓање | 16.10.1976 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | Дипломиран економист |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци<br>***и Генерален директор*** |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 16.06.2017 |

| | |
|---|---|
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 6.163.817,00 |
| Членство во органи на управување на други друштва | / |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | / |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

***Прилог бр. 2 – Членови на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ АД – Кавадарци***

Ажурирање на податоците од Извештајот за 2021 за членовите на Надзорниот одбор.

| | ***Ратко Чадиковски*** <br> ***Претседател на Надзорен одбор со престанат мандат*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | 75 |
| Датум на раѓање | 15.01.1947 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | Дипломиран економист |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | / |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 01.11.2003 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | |
| Членство во органи на управување на други друштва | / |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | пензионер |

| | |
|---|---|
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

| | ***Зоран Мартиновски***<br>***Претседател на Надзорен одбор*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | |
| Датум на раѓање | 05.05.1965 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | дипломиран економист, МБА меѓународен бизнис и финансии |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | **Претседател на Надзорен одбор во ВВ Тиквеш - АД Кавадарци** |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 28.05.2021 година |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |
| Членство во органи на управување на други друштва | International Finance Corporation |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

| | ***Тихомир Атанасовски***<br>***Член на Надзорен одбор*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | 68 |
| Датум на раѓање | 01.04.1953 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | Дипломиран електроинженер |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | **Член на НО во ВВ Тиквеш - АД Кавадарци** |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 01.11.2003 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 493.381,00 |
| Членство во органи на управување на други друштва | / |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

| | ***Миле Бундовски***<br>***Независен Член на Надзорен одбор*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | 65 |
| Датум на раѓање | 30.10.1956 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | Дипломиран правник |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | **Член на НО во ВВ Тиквеш - АД Кавадарци** |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 17.07.2017 |

| | |
|---|---|
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | / |
| Членство во органи на управување на други друштва | 480.000,00 |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | Адвокатска канцеларија Миле Бундовски |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 588.000,00 |

| | ***Борче Илиоски<br>Член на Надзорен одбор*** |
|---|---|
| Пол | машки |
| Возраст (години) | 37 |
| Датум на раѓање | 16.02.1984 |
| Место на раѓање | Кичево, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | МБА за финансии, магистер по телекомуникации |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | **Член на НО во ВВ Тиквеш - АД Кавадарци** |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 01.10.2020 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 2.282.514,00 |
| Членство во органи на управување на други друштва | Одбор на директори-претседател ОХРИДТУРИСТ АД – Охрид,<br>Член на Надзорен одбор во Аутомакедонија АД Скопје |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | Управител на М-6 ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ Скопје |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 47.876,00 |

| | ***Христина Ружиновска*** <br> **Независен член *на Надзорен одбор*** |
|---|---|
| Пол | женски |
| Возраст (години) | 40 |
| Датум на раѓање | 07.01.1982 |
| Место на раѓање | Скопје, Македонија |
| Државјанство | Македонско |
| Занимање | дипломирана економист |
| Моментална функција во ВВ Тиквеш | **Член на НО во ВВ Тиквеш - АД Кавадарци** |
| Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од | 01.10.2020 |
| Бруто надоместоци за 2021 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)* | 1.286.112,00 |
| Членство во органи на управување на други друштва | Претседател на НО во АМ Церт* |
| Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот) | Финансиски директор <br> АД АУТОМАКЕДОНИЈА, Скопје |
| Бруто примања за 2021 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*) | |

## КОМЕРЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ

| **Продажба (HL)** | **2021** | **2020** | **Нето варијација 2021/2020** | **% 2021/2020** |
|---|---|---|---|---|
| ВИНО | 127,131 | 103,403 | 23,728 | 23% |
| РАКИЈА | 10,052 | 8,880 | 1,172 | 13% |
| **ВКУПНО ФЛАШИРАНО** | **137,183** | **112,283** | **24,900** | **22%** |
| ОСТАНАТО | 61 | 76 | -15 | -20% |
| Шприцер | 921 | | | |
| **ВКУПНО ОСТАНАТО** | **982** | **76** | **906** | **1193%** |
| **СЕ ВКУПНО** | **138,165** | **112,359** | **25,806** | **23%** |

| **БРУТО-ПРИХОД (мкд)** | **2021** | **2020** | **Нето варијација 2021/2020** | **% 2021/2020** |
|---|---|---|---|---|
| ВИНО | 1,653,541,935 | 1,269,735,205 | 383,806,730 | 30% |
| РАКИЈА | 278,259,437 | 234,318,636 | 43,940,801 | 19% |
| **ВКУПНО ФЛАШИРАНО** | **1,931,801,373** | **1,504,053,841** | **427,747,532** | **28%** |
| ОСТАНАТО | 1,606,464 | 1,726,029 | -119,565 | -7% |
| Шприцер | 7,793,697 | | | |
| **ВКУПНО ОСТАНАТО** | **9,400,161** | **1,726,029** | **7,674,132** | **445%** |
| **СЕ ВКУПНО** | **1,941,201,534** | **1,505,779,870** | **435,421,664** | **29%** |

**Прилог бр. 3 - Сумарна волуменска и вредносна реализација*

| | **МАКЕДОНИЈА** | | | | **ИЗВОЗ** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Продажба (HL)** | **2021** | **2020** | **Нето варијација 2021/2020** | **% 2021/2020** | **2021** | **2020** | **Нето варијација 2021/2020** | **% 2021/2020** |
| ВИНО | 49,069 | 43,520 | 5,550 | 13% | 78,062 | 59,884 | 18,178 | 30% |
| РАКИЈА | 8,199 | 7,107 | 1,092 | 15% | 1,853 | 1,773 | 80 | 5% |
| **ВКУПНО ФЛАШИРАНО** | **57,268** | **50,627** | **6,641** | **13%** | **79,915** | **61,657** | **18,258** | **30%** |
| Шприцер | 893 | | 893 | #DIV/0! | | | 0 | #DIV/0! |
| ОСТАНАТО | 61 | 72 | -12 | -16% | 28 | | 28 | #DIV/0! |
| **ВКУПНО ОСТАНАТО** | **954** | **76** | **878** | **1156%** | **28** | **0** | **28** | |
| **СЕ ВКУПНО** | **58,222** | **50,702** | **7,519** | **15%** | **79,943** | **61,657** | **18,286** | **30%** |

| **БРУТО-ПРИХОД (мкд)** | **2021** | **2020** | **Нето варијација 2021/2020** | **% 2021/2020** | **2021** | **2020** | **Нето варијација 2021/2020** | **% 2021/2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВИНО | 790,685,918 | 617,046,372 | 173,639,546 | 28% | 862,856,017 | 652,688,833 | 210,167,184 | 32% |
| РАКИЈА | 238,080,910 | 196,522,551 | 41,558,359 | 21% | 40,178,527 | 37,796,085 | 2,382,442 | 6% |
| **ВКУПНО ФЛАШИРАНО** | **1,028,766,829** | **813,568,923** | **215,197,905** | **26%** | **903,034,544** | **690,484,918** | **212,549,626** | **31%** |
| Шприцер | 7,563,119 | | 7,563,119 | #DIV/0! | | | 0 | #DIV/0! |
| ОСТАНАТО | 1,606,464 | 1,726,029 | -119,565 | -7% | 230,578 | | 230,578 | #DIV/0! |
| **ВКУПНО ОСТАНАТО** | **9,169,583** | **1,726,029** | **7,443,554** | **431%** | **230,578** | **0** | **230,578** | |
| **СЕ ВКУПНО** | **1,037,936,411** | **815,294,952** | **222,641,459** | **27%** | **903,265,123** | **690,484,918** | **212,780,205** | **31%** |

**Прилог бр. 4 - Волуменска и вредносна реализација на домашен и извозен пазар*

Остварената продажба се категоризира во 4 сектори.
Сектор 1 ја вклучува вкупната продажба од домашниот пазар.
Сектор 2 ја вклучува вкупната продажба на пазарот во Србија.
Сектор 3 ги вклучува регионалните пазари: Босна, Хрватска, Црна Гора, Косово, Албанија, Бугарија и Словенија.
Сектор 4 ги вклучува интернационалните пазари како што се: Германија, Данска, Америка, Кина, Велика Британија, Полска, Русија, Франција, Белгија, Австралија и други земји.
Распределбата на вкупната волуменска и вредносна продажна реализација по сектори е прикажана во следната табела.

| | 2021 | | 2020 | | 2021/2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ХЛ | Бруто приходи (мкд) | ХЛ | Бруто приходи (мкд) | ХЛ | мкд |
| Сектор 1 | 57,268 | 1,028,766,829 | 50,703 | 815,296,958 | 13% | 26% |
| Сектор 2 | 40,538 | 398,477,069 | 29,466 | 297,675,098 | 38% | 34% |
| Сектор 3 | 35,747 | 428,435,095 | 28,361 | 321,112,839 | 26% | 33% |
| Сектор 4 | 3,630 | 76,122,380 | 3,829 | 71,696,981 | -5% | 6% |
| **Вкупно флаширано** | **137,183** | **1,931,801,373** | **112,359** | **1,505,781,876** | **22%** | **28%** |
| Шприцер | 921 | 7,793,697 | | 0 | | |
| ОСТАНАТО | 61 | 1,606,464 | 0 | -2,006 | | |
| **Вкупно флаширано и останато** | **138,165** | **1,941,201,534** | **112,359** | **1,505,779,870** | **23%** | **29%** |

**Прилог бр. 5 - Волуменска и вредносна реализација по сектори*

СЕКТОР 1 – Македонија

| | (хл) | | | | (мкд '000) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % |
| ***ТРАДИЦИОНАЛНИ*** | **30,049** | **28,900** | **1,149** | **4%** | **263,021** | **239,362** | **23,659** | **10%** |
| ***КЛАСИК*** | **15,554** | **12,212** | **3,342** | **27%** | **362,968** | **271,253** | **91,714** | **34%** |
| ***ПРЕМИУМ*** | **3,081** | **2,187** | **894** | **41%** | **121,190** | **79,672** | **41,518** | **52%** |
| ***ТЕРОАР*** | **384** | **221** | **164** | **74%** | **43,507** | **26,761** | **16,746** | **63%** |
| ***ФЛАШИРАНО ВИНО*** | **49,069** | **43,520** | **5,550** | **13%** | **790,686** | **617,046** | **173,640** | **28%** |
| ***ФЛ. РАКИЈА*** | **8,199** | **7,107** | **1,092** | **15%** | **238,081** | **196,523** | **41,558** | **21%** |
| ***ФЛ. ВИНО И РАКИЈА*** | **57,268** | **50,627** | **6,641** | **13%** | **1,028,767** | **813,569** | **215,198** | **26%** |
| Шприцер | **893** | | | | **7,563** | | | |
| *ОСТАНАТО* | **61** | **76** | **-16** | **-21%** | **1,606** | **1,728** | **-122** | **-7%** |
| ***ВИНО РАКИЈА ОСТ.*** | **58,222** | **50,703** | **7,519** | **15%** | **1,037,936** | **815,297** | **222,639** | **27%** |
| ***ВКУПНО ПИВО*** | | **0** | | | | **-2** | | |
| ***ВКУПНО*** | **58,222** | **50,702** | **7,519** | **15%** | **1,037,936** | **815,295** | **222,641** | **27%** |

*Прилог бр. 6 - Преглед на волуменска и вредносна реализација во Северна Македонија*

Доколку ги земеме предвид рестрикциите во поголемиот дел од продажните објекти со кои што започна изминатата година, ВВ Тиквеш на домашен пазар успеа да ги реализира планираните резултати. Земајќи ја 2019та година како референтна година за мерење на успешноста на продажбата, во 2021 год. Сектор 1 успеа да ја надмине како во волумен (+25.000л) така и во вредност (+ 35.000.000 ден).
Со стабилизирањето на пазарот и отворањето на угостителските објекти, фокусот на активности кои се преземаа беше насочен кон попрофитабилните категории на вино. Тоа може да го забележиме преку трендот на раст на продажба на категориите класик (+27%), премиум (+41%) и тероар (+74%).
Просечната цена на производ во изминатата година забележа пораст од 161 ден. на 178 ден. по литар.
Со достапноста на нашите претставници и пристапот кој го негуваме кон нашите Хорека купувачи, успеавме да ги задржиме односите на високо ниво до степен да веќе не третираат како долгорочни партнери.
Унифицираниот модел на активности, фокусот на брендови и грижата за растот на категоријата, се прикажа како одлична стратегија за различните канали на продажба.
Во годината во која влеговме, соочени со новите предизвици предизвикани од глобалните случувања, не очекува тешка година со многу неизвесности.

СЕКТОР 2 - Србија

ВВ „Тиквеш" на пазарот во Србија во 2021 година реализираше продажба од 4.053.801 литри и 398 милиони денари. Оваа реализација претставува значителен раст во однос на минатата година, со стапка на раст во волумен од 37,6% или во вредност од 33,9%.

Најзначаен раст во продажба бележи класик категоријата, која расте со 52,4% во споредба со минатата година, додека стандард категоријата бележи раст од 34,6%. Раст во продажба бележи и премиум категоријата која расте со 16,4%. Оваа реализација придонесе да имаме позитивна промена во структурата на продажба во корист на класик категоријата, која веќе учествува со 32% во вкупната вредносна реализација на пазарот во Србија.

Стратешкото партнерство со генералниот дистрибутер и директната соработка со сите значајни поддистрибутери во Србија, придонесоа за воспоставување на целосна контрола на продажбата, значително подобрување на нумеричката дистрибуција и оптимизирање на нивото на залихи на целиот пазар.

Согласно пазарните податоци добиено од реномираната компанија за пазарни истражувања Nielsen, ВВ „Тиквеш" остварува континуиран раст во продажбата во текот на целата година и значително поголем раст во продажбата споредено со трендот на пазарот и движењето на конкуренцијата. Растот во продажбата на производите на ВВ „Тиквеш" е речиси три пати поголемо од трендот на пораст на вкупната продажба на вино. Притоа, во текот на 2021 година, ВВ „Тиквеш" значително го зголемува пазарното учество и бележи историски највисоко ниво кое ја зацврстува позицијата на компанијата како една од најзначајните винарии на пазарот. Ова зголемување на пазарното учество компанијата го остварува на сметка на директните конкуренти кои бележат пад.

Овие одлични резултати се должат на фундаменталните промени во бизнис моделот и стратегијата на делување на пазарот во Србија кои ја позиционираа компанијата за одржлив и долгорочен раст.

| | (хл) | | | | (мкд '000) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % |
| ТРАДИЦИОНАЛНИ | 31,175 | 23,162 | 8,012 | 35% | 248,963 | 186,062 | 62,901 | 34% |
| КЛАСИК | 8,510 | 5,584 | 2,926 | 52% | 127,465 | 85,294 | 42,171 | 49% |
| ПРЕМИУМ | 600 | 413 | 187 | 45% | 12,418 | 9,176 | 3,242 | 35% |
| ТЕРОАР | 115 | 189 | -74 | -39% | 6,498 | 14,196 | -7,698 | -54% |
| ФЛАШИРАНО ВИНО | 40,400 | 29,348 | 11,052 | 38% | 395,344 | 294,728 | 100,616 | 34% |
| ФЛ. РАКИЈА | 138 | 117 | 20 | 17% | 3,133 | 2,947 | 186 | 6% |
| ФЛ. ВИНО И РАКИЈА | 40,538 | 29,466 | 11,072 | 38% | 398,477 | 297,675 | 100,802 | 34% |

*Прилог бр. 7 - Преглед на волуменска и вредносна реализација во Србија*

СЕКТОР 3 – БиХ, Хрватска, Косово, Црна Гора, Албанија, Бугарија и Словенија

| Вкупно | (хл) | | | | (мкд '000) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % |
| ТРАДИЦИОНАЛНИ | 21,924 | 18,524 | 3,400 | 18% | 155,962 | 128,058 | 27,904 | 22% |
| КЛАСИК | 11,304 | 7,842 | 3,462 | 44% | 198,229 | 135,246 | 62,983 | 47% |
| ПРЕМИУМ | 1,498 | 1,031 | 467 | 45% | 52,032 | 37,444 | 14,588 | 39% |
| ФЛАШИРАНО ВИНО | 34,727 | 27,398 | 7,329 | 27% | 406,223 | 300,749 | 105,474 | 35% |
| ФЛ. РАКИЈА | 1,020 | 964 | 57 | 6% | 22,213 | 20,364 | 1,848 | 9% |
| ФЛ. ВИНО И РАКИЈА | 35,747 | 28,361 | 7,386 | 26% | 428,435 | 321,113 | 107,322 | 33.4% |
| НАЛИВНО ВИНО | | | 0 | | | | 0 | |
| ДЕСТИЛАТ | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | |
| ВКУПНО НАЛИВНО | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | |
| ВКУПНО | 35,747 | 28,361 | 7,386 | 26% | 428,435 | 321,113 | 107,322 | 33% |

*Прилог бр. 8 - Преглед на волуменска и вредносна реализација во Хрватска, Албанија, Црна Гора, Бугарија и Словенија*

СЕКТОР 4 – Интернационални пазари

Во календарската 2021 година продолжија да се случуваат многу промени на светскиот пазар генерално, предизвикани од пандемијата со Ковид-19.
И покрај предизвиците со кои се соочуваше извозот во поглед на рестрикции, затворање на пазари и насочување кон домашна потрошувачка и промоција на домашните производи меѓу кои и виното, сепак секторот продолжи со двоцифрен раст во вредност во однос на претходната година.
Растот е остварен исклучиво во флаширан производ, со оглед на тоа што нема продажба на наливно вино или дестилат во 2021 година.

Стратешки се позициониравме на пазарот во Кина, преку склучување на договор за консигнација со компанија која има царинскли склад, регуларен склад, како и компанија која фактурира, продава, наплаќа, плаќа данок на приход, конвертира во странска валута и исплаќа кон Тиквеш.
На овој начин, имаме вино на залиха во магацин во Гванџоу, Кина, кое се води како сопственост на Тиквеш, а секоја продажба оттаму само и исклучиво се регистрира како остварен извоз на Тиквеш.
Излезот од ВВ Тиквеш АД Кавадарци кон кинеското царинскли склад се регулира со договор за консигнација, и како таков се третира како префрлање на залиха од еден во друг магацин, а не како извоз.

Вкупно шест држави прават 82% од вкупната продажба во вредност на секторот, подредени по значајност, тие се: САД, Велика Британија, Германија, Кина, Швајцарија и Австралија (промена од 2020-та со тоа што Велика Британија избива на второ место по значајност во вредност).

Споредено со претхдоната година, во 2021 година САД останува лидер во продажбата, но Кина повторно се враќа со повисока продажба откако се воспостви моделот на консигнација и царински склад во име и за сметка на Тиквеш.

Просечната цена по литар во 2021 година изнесува 208 мкд, што е за 11.2% зголемување на годишно ниво, споредено со просечната цена од 187мкд/ литар за 2020 година.

| Вкупно сектор 4 | (хл) | | | | (мкд '000) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % | 2021 | 2020 | 21 vs 20 | % |
| *ТРАДИЦИОНАЛНИ* | 604 | 998 | -395 | -40% | 5,050 | 8,481 | -3,431 | -40% |
| *КЛАСИК* | 1,256 | 1,156 | 100 | 9% | 18,848 | 16,835 | 2,013 | 12% |
| *ПРЕМИУМ* | 818 | 817 | 1 | 0% | 19,717 | 20,525 | -809 | -4% |
| *ТЕРОАР* | 257 | 166 | 91 | 54% | 17,675 | 11,370 | 6,305 | 55% |
| *ФЛАШИРАНО ВИНО* | 2,935 | 3,138 | -203 | -6% | 61,290 | 57,212 | 4,078 | 7% |
| *ФЛ. РАКИЈА* | 695 | 692 | 3 | 0% | 14,833 | 14,485 | 348 | 2% |
| *ФЛ. ВИНО И РАКИЈА* | 3,630 | 3,829 | -200 | -5% | 76,122 | 71,697 | 4,425 | 6.2% |
| *Шприцер* | 28 | | 28 | | 231 | | 231 | |
| *ВКУПНО* | 3,658 | 3,829 | -172 | -4% | 76,353 | 71,697 | 4,656 | 6% |

*Прилог бр. 9 - Преглед на волуменска и вредносна реализација на интернационални пазари*

## МАРКЕТИНШКИ АКТИВНОСТИ

2021 година беше година на последователни промени условени од актуелната светска пандемија која стартуваше во 2020 година. Прилагодувањето кон новите услови постави нови начини на функционирање во рамки на кои ВВ „Тиквеш“, имплементирајќи соодветни механизми и активности и препознавајќи ги потрошувачките потреби и промените во потрошувачките навики, успеа да ја задржи позицијата на бренд кој е олицетворение на постојан и беспрекорен квалитет, што и оваа година овозможи да биде прв и лојален избор на потрошувачите.

### НОВИ ПРОИЗВОДИ И ПАКУВАЊА

**Лозова жолта ракија во пакување од 0,1 литри**




Препознавајќи ги потребите и навиките на консумација на потрошувачите и верните љубители на лозова жолта ракија на „Тиквеш“, лансиравме ново стаклено пакување од 0,1 литри, обезбедувајќи дополнителна можност за уживање во традиционалниот пијалок и зголемувајќи ја неговата достапност. Со новата амбалажа го задржавме атрактивниот изглед на лозовата жолта ракија и сите карактеристики со кои гарантираме конзистентен, висок квалитет на производот и сигурност за нашите потрошувачи.

**Традиционалните вина „Вранец“ и „Витач“ во пакување од 0,5 литри**




Лансирањето на традиционалните вина „Вранец“ и „Витач“ во стаклени шишиња од 0,5 литри е резултат на одличниот прием кај потрошувачите на овој тип амбалажа за други вина од истиот сегмент.
Новото пакување се одликува со поголема практичност и достапност задржувајќи го атрактивниот изглед, но непроменетиот квалитет на овие вина во комбинација со привлечната цена придонесе овие пакувања да бидат преферирани од голем број потрошувачи.

**Нов дизајн на „Т'га за југ“**




Нашето популарно вино „Т'га за југ“ доби нов, модернизиран дизајн на етикета, со цел дополнително зајакнување на изградениот имиџ на овој бренд, давајќи акцент на неговите автентичност и посебност и на неговото доближување до помладата генерација.
Новиот визуелен изглед придружен од слоганот „Прослави го животот“ повикува на создавање нови моменти за паметење, продолжувајќи ја традицијата за славење на животот со „Т'га за југ“. Со новиот изглед ова вино ја унапредува својата популарност и позицијата на пазарот, обезбедувајќи долготрајност на брендот.

**Шприцер во лименка**




Следејќи ги пазарните трендови и раководејќи се од заложбата постојано да нудиме иновативни производи со кои ќе ги задоволиме очекувања на потрошувачите, на пазарот лансиравме нов производ во лименка - „Смедеревка ШПРИЦЕР“.
Основа на новиот освежителен пијалак е познатото македонско бело вино „Смедеревка“, во идеална комбинација и сооднос кој традиционално се користи при подготовка на шприцер. Спакуван е во лименки од 330 мл, што му дава особена практичност и креира дополнителни можности за консумација на различни места и прилики. Се препорачува да се консумира разладен.
Заради практичното пакување, одличниот вкус, свежината и ниското ниво на алкохол (5%), новиот шприцер во лименка беше еднакво прифатен како од традиционалните консументи на шприцер кои се лојални на брендот „Смедеревка“, така и од нови категории потрошувачи.

**Bag in box 2l „Gourdon Rouge“ и „Gourdon Rose“**

Со цел поголема достапност на вината од француската винарница „Chateau de Gourdon“ на македонскиот пазар, воведовме bag in box пакувања од 2 литри наменети за угостителските објекти обезбедувајќи им можност на потрошувачите да уживаат во француско вино послужено „на чаша“. Во новите пакувања понудивме розе и црвено француско вино под имињата „Gourdon Rouge“ и „Gourdon Rose“ сакајќи да им овозможиме поголем избор на сите љубители на виното.










**ПРОДАЖНИ АКТИВАЦИИ И ПРОМОЦИИ ТРГОВИЈА**

**St. Valentine/Св Трифун**

Спроведовме активација Alexandria Cuvee + подарок (отворач за вино), која наиде на позитивни реакции и масовен одзив од страна на потрошувачите.




**Месец на розе**

Стандардно, во пролетниот период направивме пролетна активација, т.н. МЕСЕЦ НА РОЗЕ, во рамки на која дадовме попуст на розе вината од брендовите Alexandria, Alexandria Cuvee и Mistral au Jardin.







**Промоција на „Смедеревка шприцер“ во Охрид и Скопје**

Новиот пијалак го промовиравме во Скопје и Охрид, овозможувајќи им на потрошувачите да ја дегустираат новата освежителна варијанта, актуелна особено во летните месеци.





**Активација за црвени вина во зимскиот период**

Во претпразничниот зимски период продажниот фокус е на црвените вина. Брендовите опфатени во рамки на оваа активација за црвени вина беа од линијата Special Selection и тоа: Merlot, Vranec и Cabernet Sauvignon. Воедно, во рамки на оваа активација го актуализиравме и францускиот претставник „Vase de Pierre", нудејќи го во комбинација со подарок даска за сервирање.






**Поставување на полици, дисплеи и тотеми во трговските објекти**

Заради функционалност и поголема достапност на нашите производи во маркетите ширум земјата и регионот, беа позиционирани полици и одредени палетни позиции во самите трговски објекти кои јасно ги комуницираа тековните продажни активации. Во рамки на 2021 година беа поставени 60 полици ВИНО НА МЕСЕЦОТ, согласно тековните активности и соодветно прилагоден дизајн.







## УГОСТИТЕЛСТВО

### Комбо пакети на храна и вино

Дефинииравме различни типови на комбо менија: храна и вино достапни по промотивни цени во селектирани објекти. Оваа активација се покажа како најуспешна за зголемување на продажбата и креирање на поголема свесност за брендот.









### -Т’га и пастрмајлија

Комбо кое стана дефиниција за вкусот на традицијата симболизирајќи ја автентичноста на поднебјето. Лесно и за многу краток период прерасна во прв избор на потрошувачите, кои избраа ВКУСНО.





### Wine & dine настани

Уживањето во виното често е најголемо кога тоа е придружено од подеднакво вкусна храна. Согласно воведените мерки и протоколи за заштита од корона-вирусот, успешно продолживме со реализација на Wine & Dine настаните во земјата и регионот, со цел едукација на крајните консументи за соодветни комбинации на вино и храна и промоција на вината од премиум сегментот.

Го издвојуваме wine & dine настанот што го организиравме во соработка со хотелот Лимак во Скопје. Раскошниот амбиент на ресторанот во хотелот обезбеди идеални услови за истражување на возбудливите спарувања на нашите премиум вина со избраните специјалитети подготвени од врвните шефови.

Големиот интерес за успешниот настан е наш поттик да продолжиме со активностите за доближување на уметноста на комбинирање на храната и виното и развој на винската култура.







### After work забави

Согласно сите воведени мерки и протоколи за заштита од корона-вирусот, остваривме многу успешни настани во земјата и регионот каде направивме промоција на одредени производи по намалени цени и додадена вредност за потрошувачите.






### Одбележување на Светскиот ден на вранецот




ВВ „Тиквеш" беше дел од Светскиот ден на вранецот, кој се одбележа трета година по ред во земјите кои се традиционални производители на вино од оваа сорта. Во изминатата 2021 година беа организирани низа едукативни и промотивни активности, со цел да се унапреди препознатливоста на вранецот како сорта винско грозје и да се зајакне свеста на потрошувачите ширум светот за вината кои доаѓаат од земјава и од регионот.

Во рамки на овие активности, бевме домаќин на повеќе од 20 светски вински критичари и новинари, кои посетија производители на вина од сортата вранец во Македонија, Косово и Црна Гора, а

учествуваме и во претставувањето на најдобрите македонски вина на „Grand Vin“ во Скопје.

Промотивните активности во угостителскиот и продажниот сектор означија достапност на брендовите од карактеристичната сорта вранец по намалени цени што резултираше со прометен одзив од страна на потрошувачите.




**Hot spot зони**

Во текот на летниот период, во рамки на HoReCa активностите, во најпознатите објекти на познатите туристички локации, беа обезбедени материјали брендирани со Alexandria Cuvee, вклучително:

- униформи;
- престилки;
- POS материјали;
- beach flags со product placement;
- активации со штафелаи и форекс табли.








**ЗАСИЛЕНА ДИГИТАЛНА КОМУНИКАЦИЈА СО ПОТРОШУВАЧИТЕ**

Новите животни услови кои ги наметна глобалната ковид криза и воведените рестриктивни мерки за справување со корона-вирусот кои започнаа во 2020, но продолжија и во 2021 година, во голема мера ги променија потрошувачките навики и однесувањето на потрошувачите, а тоа неминовно резултираше со прилагодени промени во начините и каналите на комуникација. Па така, дигиталната комуникација доживеа експанзија и се наметна како најдобар и најефективен начин за одржување на блискост со потрошувачите.

ВВ „Тиквеш“ препознавајќи го овој тренд ја интензивираше дигиталната комуникацијата и своето присуство на постојните профили на социјалните медиуми нудејќи атрактивни, креативни содржини, прилагодувајќи ги дигиталните платформи во значаен канал за комуникација на нашите активности.

## КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ

Изминатата 2021-ва беше годината кога комуникациските активности на ВВ „Тиквеш“ почнаа да се одвиваат со фреквенција приближна на онаа од пред пандемијата. Пред се, се вратија настаните со физичко присуство, а почнаа да се одржуваат и се повеќе настани на регионално ниво. Се одржаа доста традиционални корпоративни настани, а од аспект на спонзорствата се продолжија соработките за спонзорства на долгогодишните партнери на винарницата.




Оваа година, по повод празникот **Св. Трифун** на 14 февруари, ВВ Тиквеш го прифати интернационалниот предизвик „Jerusalema Challenge“. Вработените играа на добро познатиот ритам и притоа спотот ги прикажа главните аспекти од процесот на производство на вино. Ова претставуваше важна интернационална промоција на ВВ Тиквеш.

ВВ Тиквеш организираше два **брифинзи со новинари** по повод наградите кои ги освои француското вино „Terrasse a l'Ombre“. Имено, на натпреварот „Мундус Вини“ освои голем златен медал и воедно беше прогласено за најдобро од целиот регион на долината на Рона. Првиот брифинг беше организиран онлајн за македонските новинари, додека вториот беше од регионален карактер и имаше вклучувања од Белград, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска.



Компанијата „М6 Аграр“, која заедно со ВВ Тиквеш е дел од групацијата М6, продолжи со инвестицискиот циклус и во време на услови на криза. На 17 мај беше организирана прес конференција на која се промовираа **новите лозови насади на површина од 120 хектари на локацијата Бабуна**, во близина на Велес. Инвестицијата изнесува речиси 2,5 милиони евра, а дел од средствата се обезбедени со поддршка на ИПАРД програмата.

Љубителите на врвни вина, одлична храна и алтернативен туризам отсега имаат нови можности за уникатни доживувања во капацитетите развиени во рамки на проектот за **ено-гастрономски туризам во тиквешкиот регион**, што го реализира компанијата „Тиквеш вински туризам“, во соработка со, „Домен Лепово“ и „Барово“. Вкупната инвестиција во новите туристички капацитети изнесува 315 илјади евра, од кои дел се обезбедени преку Проектот за локална и регионална конкурентност на Владата и ЕУ, што се администрира преку Светска банка. На 26 мај се организираше прес конференција на локалитетот Барово со цел иницијална промоција на новата понуда.





Над 70 претставници на дипломатскиот кор и на Владата на РМ беа гости на овогодинешниот **„Дипломатски гроздобер“** на 4 септември. Овој пат, настанот се случуваше на Барово, што послужи и за промоција на новите сместувачки капацитети на оваа локација. За атмосферата се погрижи бендот на Нина Јанева.

По минатотогодишното онлајн издание, Винарската визба „Тиквеш“ оваа година ја продолжи традицијата на **Фестивалот на младо вино** во својот вообичаен формат и на платото во винарницата. Фестивалот се одвиваше во текот на три дена. Во вината од новата берба уживаа над 3.000 јавни личности, соработници на винарницата, претставници на дипломатскиот кор, институциите, бизнис секторот и на медиумите од земјава и регионот. За добрата атмосфера во текот на трите дена се погрижија Мијата и Дани од македонската поп-музичка сцена, како и Амира Медуњанин и Нина Бадриќ, како претставнички на регионалната музичка сцена, а водител на настанот беше актерот Сашко Коцев. За настанот беа споделени 37 објави.



**Интервјуа**

Во текот на 2020 година беа спроведени 10 интервјуа за медиумите, што е за четири повеќе од шесте во претходната 2020 година. Истите беа објавени во Newsweek, Фактор, Марили, Вечер, кајак.мк, Нова Македонија, Извоз мк, Nedeljnik, Profit Magazin и vino.rs.

**Соопштенија за јавност**

Во текот на 2021 година ВВ „Тиквеш“ објави 14 соопштенија за јавност што е за четири повеќе од оние објавени во 2020 година. Најголем дел од нив се однесуваа на освоените награди на светските вински натпревари, потоа на бербата во 2020 година, новите инвестиции за време на криза, итн.

## СПОНЗОРСТВА

### Поддршка на културно-уметнички манифестации и настани

- ВВ Тиквеш го продолжи спонзорството на годишните програми на **Македонската Филхармонија** и **Драмскиот театар**.
- Како и досега, ВВ Тиквеш го поддржа и 61. издание на фестивалот **Охридско лето**. Во рамки на фестивалските денови на сцените настапија повеќе од 500 уметници од 18 земји.
- ВВ Тиквеш го поддржа концертот на **Влатко Стефановски** кој се оддржа на 5 август, 2021 во Антички Театар Охрид.
- ВВ Тиквеш исто така го спонзорираше и **Јубилејниот 40. Фестивал „БРАЌА МАНАКИ“** кој се одржа од 14 до 21 септември, 2021 во Битола. За време на фестивалот, композиторката Joselyn Pook имаше прилика да биде гостин на ВВ Тиквеш и на ресторанот во Кавадарци.
- Традиционално, ВВ Тиквеш беше спонзор на **Скопскиот џез фестивал** и **OFFest**. Вината на Тиквеш со специјална етикета им беа подарени на врвните ѕвезди меѓу кои: Mats Gustafsson, Shake Stew, Roberto Fonseca Trio, итн.
- Во рамки на 42-то издание на манифестацијата „Скопско лето“, на 24-ти јули во Куршумли Ан свој голем концерт одржа познатиот македонски џезер **Џон Илија Апелгрен**. Концертот со наслов „Музичка прошетка – Француски шансони” беше поддржан од ВВ Тиквеш.
- ВВ Тиквеш го поддржа **EXPO.30** кој беше одржан на 17 септември, 2021, во Музеј на Современа Уметност. На настанот беа претставени модни ревии, диџеј сетови, документарец како и дегустација на македонски призводи.
- ВВ Тиквеш финансиски ја поддржа годишната програма за 2021 на Здружението за хумано-општествен развој „**Проект среќа**“.
- На 17 септември, на улица „Македонија“ во Скопје се одржа „**Статуафест – другото лице на улицата**“ именуван како „Скопје на улица“ и истиот беше поддржан од ВВ Тиквеш.
- Годишната програма за 2021 на **Авалон продукција**, беше поддржана од страна на ВВ Тиквеш Програмата вклучуваше концерти на светски познати имиња, а дел од нив се: Amelie Lens, Ван Гог, Данијела Мартиновиќ, Бајага и инструктори, како и целата програма на фестивалот “Ohrid Calling”.
- Тамара Тодевска одржа ексклузивен концерт на 29 јули 2021, во Античкиот театар во Охрид. ВВ Тиквеш го поддржа нејзиниот концерт.

### Стручни настани

- ВВ Тиквеш беше сребрен спонзор на „**Skopje Economic Forum**“ кој за првпат се одржа на 23 јули, 2021 во хотел Александар Палас. Претседателот на УО на ВВ Тиквеш, Светозар Јаневски, беше еден од говорниците на овој настан.
- ВВ Тиквеш го поддржа одржувањето на **Меѓународната конференција „Преспа форум дијалог“** за првпат се одржа во Охрид и Отешево. Меѓу говорниците се најдоа тогашниот премиер Зоран Заев, премиерката на Србија Ана Брнабиќ, косовскиот премиер Албин Курти, претседавачот на Советот на Министри на Босна и Херцеговина Зоран Тегелтија, министерот за европски и меѓународни работи на

Австрија Александар Шаленберг, полскиот министер за надворешни работи Збигњев Рау и други.









**Проект: „Развој на ено-гастро туризам – Вкуси ја Македонија“**
На 26 мај се промовираа новите капацитети на ВВ Тиквеш во кои се инвестираше со помош на Проектот за локална и регионална конкурентност на Владата и ЕУ, што се администрира преку Светска банка. Во рамки на новата современа туристичка понуда креирани се атрактивни содржини кои вклучуваат – камп со сместувачки капацитети во адаптирани вински буриња и нови велосипедски патеки на уникатната винска микро-локација Барово, понатаму атрактивно сместување на локацијата Лепово, како и мултифункционален вински бутик во Кавадарци, кој освен што нуди вино за продажба и дегустација, претставува и изложбен простор со инфо-центар, каде сите заинтересирани можат да добијат информации за туристичката понуда на тиквешкиот регион.

**ВИНСКА ЕДУКАЦИЈА**

Целта на оваа програма е да се потенцира значењето што угостителите го имаат за унапредување на винската култура во Македонија преку истакнување на партнерскиот однос со винарницата и создавање емоционална поврзаност со брендот. Оваа програма е дел од долгорочната стратегија за градење релации со угостителите.

Во 2021 година се организираа шест обуки за сомелиери на кои учествуваа 47 лица. ВВ „Тиквеш“ во континуитет организира сомелиерски работилници за винска едукација на угостителите. Секоја сомелиерска обука е посетена од претставници на хотели, ресторани и кафетерии што се запознаваат со техниките на дегустација, начините на послужување и карактеристиките на вината. Досега на вакви обуки присуствувале околу 1.000 лица од повеќе од 400 угостителски објекти ширум Македонија и регионот.

Во текот на годината се организираа околу 15 настани од кои можат да се издвојат:

- Summer Wine Festival
- Работилница Шато Гордон Гастрономско Патување

- Sparkling wines темна дегустација на 18 пенливи вина
- Мастерклас – Висечките градини на Мозел
- Мастерклас – Македонски вински клуб 94+
- Мастерклас – Токај, златната капка

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

2021 година беше исклучително значајна за „Тиквеш“ бидејќи култните брендови триумфираа на престижните меѓународни вински натпревари и се закитија со едни од најголемите признанија и специјални награди.

Нашите вина освоија вкупно 106 награди: 99 медали, 4 специјални титули и 3 признанија. Од вкупно 99 медали дури 34 беа златни, меѓу кои и четирите двојни злата освоени за „Т'га за југ“, „Barovo red“, „Vase de Pierre“ и „Terrase a l'Ombre“ и 2-те големи злата освоени за „Barovo red“ и „Terrasse a l'Ombre“.

Најзначајните титули и специјални награди кои вината од нашето портфолио ги добија во 2021 се: „Најдобро вино од долината на Рона“ за „Terrasse à l'Ombre“ и „Најдоброто вино од Република Северна Македонија“ за „Barovo red“ освоени на пролетното издание на Mundus Vini, Специјалната награда за „Alexandria Cuvee rose“ освоена на Citadelles du Vin и трофејот „Најдобро вино од автохтона сорта“ за „Барово red“ освоен на Balkan International Wine Competition.

## ПРОИЗВОДСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

За време на берба 2021, од планираните 23.500.000 кг грозје, откупени и преработени се 24.287.798 кг грозје. Од оваа количина 2.716.598 кг грозје е преработено на линијата за микровинификација, остатокот од 21.571.200 кг е преработено на линијата за макровинификација. Бербата започна на 18.08.2021 со откуп на сортата на грозје Темјаника.

Во 2021 година во РЕ Жестоки пијалоци примени се 3,148,124 литри вино и истите се дестилирани. Од дестилираното вино добиени се 449,455 литри дестилат кој ги има потребните карактеристики за производство на жестоки пијалоци од нашето портфолио на производи.

## КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Трендот на испитување и подобрување на квалитетот на флаширани вина во делот на TPO (totalpackage oxygen) продолжи и во 2021година. Секоја година се обновуваат сензорите за мерење за исклучување на можностите за грешка, а со што се потврдува точност на мерењата. И оваа година се продолжи со мерење кислород со поновата серија на Noma Sense апарат од истата фирма. Со овој апарат резултатите ги добиваме веднаш.

| | TPO 2014 (ppm) | TPO 2015 (ppm) | **TPO% 2015/ 2014** | TPO 2016 (ppm) | **TPO% 2016/ 2015** | TPO 2017 (ppm) | **TPO% 2017/ 2016** | TPO 2018 (ppm) | **TPO% 2018/ 2017** | TPO 2019 (ppm) | **TPO% 2019/ 2018** | TPO 2020 (ppm) | **TPO% 2020/ 2019** | TPO 2021 (ppm) | **TPO% 2021/ 2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1L stelvin | 1.19 | 0.97 | -18 | 1.10 | 13 | 0.91 | -17 | 0.87 | -4 | 0.95 | 10 | 1.01 | 6 | 1.04 | 3 |
| 0,75 stelvin | 1.49 | 1.12 | -25 | 1.11 | -1 | 0.98 | -12 | 1.02 | 5 | 0.96 | -6 | 1.10 | 14 | 1.23 | 12 |
| 0,75 pluta | 1.14 | 1.08 | -5 | 0.77 | -29 | 0.71 | -8 | 0.73 | 3 | 0.66 | -10 | 0.65 | -1 | 0.61 | -6 |
| 0,187 stelvin | 2.13 | 1.45 | -32 | 1.37 | -6 | 1.62 | 18 | 1.58 | -3 | 1.60 | 2 | 1.77 | 10 | 1.87 | 6 |

TPO (Total package oxygen) – Вкупен кислород во пакување
DO (Dissolved oxygen) – Растворен кислород во вино по полнење
HSO (Headspace oxygen) – Кислород што се наоѓа во празниот простор помеѓу виното и затворачот
TPO = DO + HSO

Се продолжи со интерната контрола со BIPEA (Bureau Interprofessionnel des Etudes Analytiques) што вклучува евалуација на точноста на мерењата што се вршат во лабораторијата на винарницата.
Резултатите на ВВ „Тиквеш“, споредени со параметрите на BIPEA, и во 2021 година беа во границите на дозволените отстапки на BIPEA, со што се потврдува стручноста на вработените и опременоста на лабораторијата со најсовремена технологија.

Микробиолошкиот дел го следи трендот на подобрување на испитувањата, подлогите за микробиологија се работат на готови подлоги, не се спремаат во Лабораторијата со што се зголемува точноста на добиените резултати и се намалува ризикот од човек грешка.
CIP системите се контролираат со понов модел на апарат AccuPoint кој работи на ATP(аденозин трифосфат) со поголема прецизност и поголема брзина.

Репроматеријалите што се користат во ВВ Тиквеш подлежат на влезна контрола,со тоа се намалува ризикот да се користи неквалитетен материјал, со тоа што се реагира навремено уште при самиот прием, за да се избегнат загуби на време и материјали на денот на полнењето.
За контрола на влага се инвестира во нов апарат ист со добавувачот на картони за да се намали можноста од грешка на мерењата, а да се зголеми точноста.

## ISO Сертификати

Во 2021 година се изврши ре-сертификација по најновата верзија на ISO 9001:2015 (Quality Management System). Со проверката кои ги имавме во 2021 се потврди функционалноста и добрите практики во производството на вино според ISO стандарди.

## ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ

Во 2021 година се продолжи со позитивниот тренд на инвестирање, како во производствените капацитети, така и во градежните сегменти на винарницата.
Се довршуваа започнатите активности од 2020 година во делот на реновирање на објектите, а исто така се започна и со реконструкција на нови објекти .

Се инвестираше во опрема и градежни работи со вкупна вредност од 1.087.590 Еур.
Дел од инвестициите кои се реализираа во 2021 се:

- Обложување на бетонски цистерни со инокс и промена на врати и славини од Инокс.





- Започната изградба на нов административен дел .





-Набавка на клипни пумпи



- Набавка на нови дабови буриња од 300 Л; 500 Л за зреење на винскиот дестилат,




- Набавка на нови Барик буриња од 228 Л; 600 Л

-Реализација на проект во соработка со ЕЕА и Норвешкиот фонд за грантови за регионална соработка.

***Откривање на руралното наследство: автохтоно производство на ерментирани пијалаци за локална и еколошка одржливост***

***PROJECT NO.2018-1-0682:***
***2020-2023 година***

**ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ**

- Финансиран од Исланд, Лихтенштајн и Норвешка, преку ЕЕА и Норвешкиот фонд за грантови за регионална соработка. (досега има 25 завршени проекти, 125

бенифицирани партнери, 184 проект партнери и 25 различни земји вклучени во проектите).

- Почеток на проектот: 01. Октомври 2020.
- Времетраење на проектот: 3 години.
- Вкупни трошоци во проектот: 1.500.998 EUR.
- *Вкупен грант: 1.359.656 EUR.*
- Вкупно 9 партнери од 4 различни земји (Словенија, Хрватска, Република Севрена Македонија и Норвешка) од кои Универзитет од Нова Горица од Словенија е лидер партнер и координатор на проектот.
- Винарска визба Тиквеш учествува со буџет од 253.899 EUR или 85 % поврат на финасиски средства со вкупна сума од 215,814 EUR.

**Бенифити на ВВ Тиквеш со вкључување во проектните активност**

- ❖ Финансиски бенифит со добивање грант од 215,814 EUR
- ❖ Учество во транснационален проект со кој се допринесува до развој на локална економија.
- ❖ SMART-Еко лозарство - помала употреба на ПЗР (PPP)
- ❖ Анализа на почвата и создавање на педелошка лабораторија во ВВ Тиквеш.
- ❖ Дигитализација на точно определени лозови насади со следење на агрометеоролошки параметри, карактеристика на почвата, воден стрес, созревање на грозје, контрола на лозовите насади во процес на вегетација и контрола на болести на лозјата и следење и управување со штетници
- ❖ Длабоко осознавање на определени Тероари и следење на мето промените на определни микролокации.
- ❖ Едукации на земјоделци и советодавни активности со комитентите.
- ❖ Поставување веб-апликација е-Тиквеш со архива на сите метеоролошки параметри, мониторинг на воден стрес, созревање на грозје и контрола на штетници, созревање на грозјето
- ❖ Развој на R&D Department со различни проекти: Анализи на почва, Тероар студии. Тестирање на различни клонови на Вранец и Кратошија, Прецизен датум-прецизна берба, Изолација на квасци (микроорганизми) од определени микролокации-Автохтони габи.
- ❖ Двајца PhD инженери од ВВ Тиквеш ќе бидат вклучени во проектот за координација со проектите.



















## АНАЛИЗА НА БЕРБА 2021

За време на берба 2021, од планираните 23.500.000 кг грозје, откупени и преработени се 24.287.798 кг грозје. Од оваа количина 2.716.598 кг грозје е преработено на линијата за микровинификација, остатокот од 21.571.200 кг е преработено на линијата за макровинификација. Бербата започна на 18.08.2021 со откуп на сортата на грозје Темјаника.

На неколку локалитети во февруари температурата на воздухот во пониските зони достигна и до -19 C°, што предизвика измрзнување на голем дел од лозовите насади. Од друга страна, оваа година е со најмногу денови со температура повисока од 35 °C, што предизвика намалување на приносот и квалитетот на грозјето кај реони кои што не беа под систем за наводнување, што предизвика присилно зреење на самото грозје.

Во врска со лозаро-винарска 2021 година од голема важност покрај другите услови е хидролошката состојба во почвата каде што имаме просечно помало количество на воден талог по месеци од претходната година, со што кумулативниот дефицит на воден талог во одредени региони достигна и до 400 литри. Ова искуство значи дека е неопходно инвестираење во системи за наводнување, бидејќи недостатокот од вода и силниот воден стрес можат да го намалат приносот на грозјето и до 40-50%, но и да се намали квалитетот на грозјето.

Од претходните искуства се покажа дека бербата во боксови дава идентични резултати со берба во гајби во делот на квалитетот на грозјето со тоа што бербата во боксови овозможува значително помала манипулација при транспорт, складирање и преработка.

Вината во класик сегментот се со одлични карактеристики во поглед на белите и црвените сорти каде што се задржа квалитетот на брендовите додека кај одредени вина Темјаника и Александрија класик достигнавме зголемување на количините. Најголем дел од сортата Смедеревка се преработи на континуирана флотација, со што се доби вино со одличен квалитет во стандард сегментот.

Во РЕ Полнилница во 2021 година наполнети се вкупно 12.476.336 литри вино и 1.042.952 литри жесток пијалок.

Од планираните за полнење 16.631.335 единици за полнење, наполнети се 16.420.822 единици или остварување на планот за полнење од 99%.

| | Планиран откуп 2021 (кг) | % Учество | Реализиран откуп 2021 (кг) | % Учество | Реализиран откуп 2021 (мкд) | % Учество | Реализиран /планирано (кг) | Реализиран /планирано (кг) | Просечна цена (мкд/кг) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бели сорти | 14,873,000 | 63% | 15,191,518 | 63% | 213,054,584 | 60% | 318,518 | 2% | 14 |
| Црвени сорти | 8,627,000 | 37% | 9,096,280 | 37% | 140,524,675 | 40% | 469,280 | 5% | 15 |
| Вкупно грозје | 23,500,000 | 100% | 24,287,798 | 100% | 353,579,259 | 100% | 787,798 | 3% | 15 |

**Прилог 10 Реализиран и планиран откуп на вински сорти за берба 2021*

## СЕКТОР ЛАНЕЦ НА СНАБДУВАЊЕ

Во преговорите за деловната 2021 година, беа вложени вонредни напори во намалување односно задржување или маргинално покачување на цените на клучни инпути, остварување на соодветни заштеди, рабати и постигнување на одложено плаќање од 60 до 120 дена со сите стратешки добавувачи.

Некаде кон крајот на првото тромесечје во 2021 година, бевме сведоци на глобални трендови кои неизбежно влијаеа на секојдневната работа и функционирањето на компанијата.

Најизразениот од нив беше оној со кој се продлабочуваше кризата на пазарот на суровини, при што не можеше со сигурност да се каже дали создадениот дефицит е вештачки и шпекулативен, но истиот влијаеше на драстично зголемување на цените на основните суровини што се користат пред се во производство на металните затварачи, БиБ фолиите, ПВЦ капиците и картонските кутии.

Покрај ова имаше и драстично зголемување на цената на дизел горивото, што значително влијаеше на поскапување на транспортните услуги, а заедно со покачувањето и на електричната енергија, ова беа клучните елементи кои влијаеа на покачувањето на скоро сите инпути во набавката, во текот на второто полугодие од годината.

И покрај сите потешкотии со кои се судривме во текот на работењето, се обезбеди континуитет на производниот процес преку еднократно процесирање на фиксни нарачки уште во август кои беше планирано да ги покријат потребите заклучно со декември 2021. Истите беа димензионирани согласно актуелниот тренд на продажба, а истовремено покриваа и двомесечни сигурносни залихи на клучни материјали за пакување.

Покрај проблеми од природа опишана погоре, се соочивме и со тренд на пораст на продажбата во висина од 20% и тоа за поединечни SKU истиот беше дури 30-40%.
И покрај овој тренд на пораст од една страна и зголемување на цените, дефицит и одложено време на испорака од друга страна, наидовме на диконтинуитет во испораките

на одредени категории на материјали, кој дисконтинуитет се одрази организациски на динамиката на полнење и во една мала доза се почувствува како OOS на одредени артикли во нашиот централен магацин, но не и на пазар.

Со доискористување на нашите минимални залихи и на наши сигурносни залихи кај Добавувачите, успеавме да го премостиме недостигот и да одговориме во целост на сите барања од купувачите од земјата и странство.

Успешно и навремено, со обезбедување на материјали со висок квалитет и контролирани трошоци во набавката, се реализираа следните проекти:

1. **Бренд-платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“** ги обединува премиум 'тероар' вината на „Тиквеш“, произведени од грозје што потекнува од специфичните микролокации: Бела Вода, Барово и Лепово, како и вината од поседот „Château de Gourdon“ во Франција.
   - Редизајн со ново шише, капици и транспортна кутија. Донесена Одлука за воведување на материјали со висок квалитет и контролирани трошоци.
   - Новата транспортна кутија – гарантира дополнителна стабилност и безбедност при пакувањето и транспортот и со новиот начин на редење придонесува и за смалување на транспортните трошоци по палетно место.
2. **Витач и Вранец 500 мл., -** Поради одличниот feedback на пазарот од Смедеревска и Розе 0,5л, произлезе предлог од Комерција да се развијат во оваа амбалажа и Витач и Вранец 0,5л.
   Развој на ново стандард пакување и навремено лансирање на двата производи.
3. **Лозова Ракија 100 мл; -** Иницијално планирано полнење на 200.000 шишиња. Се обезбеди продажно/транспортно пакување од 15 шишиња во кутија без прегради, со перфорација на средина, со цел да може да се откине горниот дел од кутија и да се поставaт за продажба во импулс зона во трговските објекти.
4. **Шприцер во лименка 330 мл.** - Навремена реализација на сите елементи на пакување и организирано услужно полнење на производот во три лота. Производот беше наменет за конзумација на отворено (паркови, излетнички места, плажи и сл.). Смедеревката како најпродаван производ на Тиквеш најчесто се конзумира како шприцер. Новиот производ имаше за цел на конзументите на Смедеревка да им го понуди својот омилен пијалок овојпат во RTD варијанта. Планирана беше реализација од околу 500.000 парчиња во пакување од 330 мл.
5. **Т'га за југ facelift** – Навремено и успешно завршен проект – кој вклучуваше промена на етикетите, затворачите и транспортните кутии на T'ga za jug само во дизајнот. Синхронизирано доискористување на залихите на материјали и навремено пуштање на производот на пазарот со новите елементи на пакување.
6. **T'ga за југ со тапа за Србија** - Предлогот беше иницирaн првенствено за потребите на Српскиот пазар. Поради намалената продажба на T'ga za jug во Србија пред се заради стелвин затворачот, произлезе предлог за флаширање на T'ga za Jug со плутен затворач за намените на овој пазар.
7. **Special Selection facelift –** Први во низот беа прилагодени припремите за печатење на новите wrap around етикети најпрво за Temjanika, Sauvignon Blanc и Chardonnay. Единствена дополнителна сорта која се направи со новиот дизајн покрај првичните шест сорти беше Grenache Blanc од берба 2019.

Тимот зема активно учество во навремена реализација на следните проекти:

- ✓ Château de Gourdon во Франција (Промена на амбалажа за Icon вина, воведување на нови БиБ пакувања меѓу кои пакувањето од 2 лит, кое беше целосен предизвик);
- ✓ Сите набавки поврзани со Норвешкиот проект и
- ✓ Сите набавки поврзани со фотонапонската централа.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Службата за внатрешна ревизија е независен оргазиционен дел која е функционално и организациски одвоена од останатите делови на компанијата. Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Акционерското Друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели: ефикасен мониторинг и контрола на ризиците поврзани со активностите; заштита на вредноста на средствата т.е. максимизирање на вредноста на Друштвото; подготовка на точни финансиски извештаи; пораст на ефикасноста на активностите; усогласеност на интерните политики на Друштвото со Законот и регулативата на Друштвото.

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и реализирање на дадените препораки во поединечните извештаи.

Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2021ва ГОДИНА

Се реализираа вкупни приходи од продажба во износ од 1,941 мил. денари т.е зголемување од 29% во однос на 2020 година. Зголемувањето на приходите се должи на зголемени приходи генерирани од домашниот пазар за 27% и од странските пазари за 31%.

Зголемените трошоци за продажба и маркетинг за 22% и останатите оперативни расходи за 36% резултираа со оперативна добивка од 183,2 милиони денари.

Финансиските расходи се зголемија за 13 мил. денари. Остварена е нето добивката од редовното работење пред оданочување во износ од 166 мил. денари и нето добивка по оданочување во износ од 144,4 мил. денари.

Во 2021 година за работењето во 2020 година не беа исплатени дивиденди.

Во 2021 година се остварија вложувања во материјални и нематеријални средства од 150,5 мил. денари. Значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средствата споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беше реализиран.

Консолидираните финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на ВВ Тиквеш АД, М6 Тиквеш ДОО Белград, Винојуг ДООЕЛ Гевгелија, Машински сервис ДООЕЛ Кавадарци, Тиквеш Вински туризам ДООЕЛ Кавадарци, Тиквеш Продаја Загреб и Вински клуб ДООЕЛ Скопје.

Во 2021 година се остварија вкупни приходи од продажба во износ од 2.094 мил. денари. Во однос на 2020 година забележаа зголемување од 30%. Зголемувањето на приходите се должи од зголемени приходи генерирани на домашниот пазар за 27% и зголемени приходи генерирани од странски пазари за 33%.

Административните трошоци, трошоците за продажба и маркетинг и останатите оперативни расходи исто така забележаа зголемување за 29,5% при што се оствари оперативна добивка од 176 мил. денари.

Финансиските расходи се во износ од 21,8 мил. денари. Остварена е нето добивката од редовното работење пред оданочување во износ од 158,3 мил. денари. и нето добивка по оданочување во износ од 136,8 мил. денари.

**Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ за годината која завршува на 31 декември**

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,941,201 | 1,505,780 |
| Дадени попусти и дисконти | (176,217) | (141,938) |
| **Нето приходи од продажба** | **1,764,984** | **1,363,842** |
| Трошоци на продадени производи | (947,378) | (792,522) |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **817,606** | **571,320** |
| Останати оперативни приходи | 45,249 | 49,710 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | (226,080) | (161,874) |
| Административни расходи | (106,229) | (96,160) |
| Останати оперативни расходи | (347,293) | (278,293) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **183,253** | **84,703** |
| Приходи (расходи) од финансирање | (17,240) | (5,270) |
| Капитални добивки (загуби) | - | - |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **166,013** | **79,433** |
| Расход за данок од добивка | (21,576) | (11,795) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | **144,437** | **67,638** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | **534** | **250** |

**Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2021 и 2020, е како што следува:**

| | | |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,764,984 | 1,363,842 |
| Останати оперативни приходи | 45,249 | 49,710 |
| Промени во залихи на готови производи | (84,561) | (122,854) |
| Суровини и материјали | (728,408) | (520,802) |
| Амортизација | (100,663) | (98,781) |
| Трошоци за вработени | (156,725) | (143,853) |
| Останати оперативни расходи | (556,623) | (442,559) |
| **Оперативна добивка** | **183,253** | **84,703** |

**Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА на ден 31 декември**

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1,317,820 | 1,267,308 |
| Нематеријални средства | 7,892 | 9,543 |
| Дадени заеми | 130 | 1,390 |
| Вложувања во подружници | 112,278 | 112,278 |
| Вложувања расположливи за продажба | 28,805 | 18,982 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,466,925** | **1,409,501** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 973,395 | 1,068,393 |
| Побарувања од продажба | 767,774 | 614,599 |
| Побарувања за дадени аванси | 36,485 | 29,322 |
| Дадени заеми | 201,747 | 144,642 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 24,245 | 19,072 |
| Парични средства | 40,232 | 15,148 |
| **Вкупно тековни средства** | **2,043,877** | **1,891,175** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **3,510,802** | **3,300,676** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | |
| **Главнина** | | |
| Акционерски капитал | 842,962 | 842,962 |
| Премии на емитирани акции | 169,135 | 169,135 |
| Резерви | 105,863 | 105,863 |
| Ревалоризациони резерви и друго | 28,575 | 18,752 |
| Акумулирана добивка | 1,189,143 | 1,044,706 |
| **Вкупно главнина** | **2,335,678** | **2,181,418** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни кредити и наеми | 392,407 | 507,748 |
| Одложени приходи од грантови | 12,985 | 14,362 |
| Резервирања за судски спорови | 14,029 | 14,029 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **419,421** | **536,139** |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 521,407 | 433,305 |
| Краткорочни кредити | - | 40,000 |
| Тековен дел на долгорочни кредити | 193,675 | 73,000 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 40,621 | 36,814 |
| **Вкупно тековни обврски** | **755,703** | **583,119** |
| **Вкупно обврски** | **1,175,124** | **1,119,258** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | **3,510,802** | **3,300,676** |

**Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Скопје**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ за годината која завршува на 31 декември**

| | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| **Добивка пред оданочување** | 166,013 | 79,433 |
| **Усогласување за:** | - | - |
| Амортизација на материјални средства | 98,109 | 96,128 |
| Амортизација на нематеријални средства | 2,554 | 2,652 |
| Амортизација на вложувања во недвижности | - | - |
| Расходи од камати | 19,640 | 6,888 |
| Приходи од камати | (7) | (27) |
| Приходи од дивиденди | (1,405) | (1,073) |
| Капитална загуба од расход и продажба на основни средства | 632 | 157 |
| Амортизација на грантови | (3,088) | (3,088) |
| Учество во добивки (загуби) на придружени друштва | - | - |
| Приходи од отпис на обврски | (3,796) | (474) |
| Исправка на вредност на побарувања | 10,652 | 615 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **289,305** | **181,211** |
| | - | - |
| Промени кај побарувањата од продажба | (163,828) | (117,460) |
| Промени за дадени аванси | (7,163) | 20,587 |
| Промени кај залихите | 94,998 | 105,763 |
| Останати тековни средства и АВР | (5,173) | 1,941 |
| Промени кај обврски од добавувачи | 82,068 | (12,831) |
| Промени кај примени аванси | 9,830 | (589) |
| Промени кај останати тековни обврски и ПВР | 6,315 | 1,520 |
| **Нето пари употребени во работењето** | **306,353** | **180,143** |
| | - | - |
| Платена камата | (19,642) | (8,782) |
| Платен/повратен данок од добивка | (22,373) | (14,571) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **264,338** | **156,790** |
| | - | - |
| **Парични текови од вложувачки активности** | - | - |
| Приливи (одливи) од долгорочни финанасиски средства, нето | - | - |
| Приливи (одливи) од краткорочни финанасиски средства, нето | (55,845) | (45,159) |
| Примени камати | 7 | 27 |
| Примени дивиденди | 1,405 | 1,073 |
| Приливи од средства наменети за продажба | - | - |
| Купување/продавање на вложувања во недвижности | - | - |
| Купување/продавање на материјални средства | (149,254) | (63,868) |
| Купување/продавање на нематеријални средства | (903) | (844) |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **(204,591)** | **(108,771)** |
| | - | - |
| **Парични текови од финансиски активности** | - | - |
| Уплатен капитал | - | - |
| Исплатени дивиденди | - | - |
| (Откупени)/продадени сопствени акции, нето | - | - |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | 5,335 | (44,795) |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | (40,000) | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **(34,665)** | **(44,795)** |
| | - | - |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **25,083** | **3,223** |
| | - | - |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **15,151** | **11,927** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **40,233** | **15,151** |

ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Генерален директор
Радош Вукиќевиќ

- **Предлог одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работење на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД – Кавадарци во 2021 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од
работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година.

2.Годишниот Извештај за резултатите од работењето на друштвото во 2021 година е прилог и составен дел на оваа Одлука.

3.Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

- **Предлог - одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за 2021 година;**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За распределба на остварената добивка од работењето
на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД АД - Кавадарци во 2021 година

1.Распределба на добивката да се изврши според следното:

| Е Л Е М Е Н Т И | 2021 | |
|---|---|---|
| | Структура во % | И З Н О С во денари |
| Остварена нето добивка | 100% | 144.436.617,00 |
| Добивка за реинвестирање | 100% | 144.436.617,00 |

2. Износ од 144.436.617,00 денари распореден во добивка наменет за реинвестирање да се користи во 2022 година за вложувања во нови инвестиции.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

ВВ ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ

TIKVEŠ

SINCE 1885

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОД.

Април 2022

Содржина

Страна


1. Вовед 3.
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2021 4.
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола 7.
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување 8.
5. Останати активности на внатрешната ревизија 8.

# 1.ВОВЕД

Службата за внатрешна ревизија е независен оргазиционен дел која е фукционално и организациски одвоена од останатаите делови на компанијата. Организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на Друштвото се одредени од страна на Надзорниот орган на ВВ Тиквеш.

При извршување на своите активности внатрешната ревизија вршеше ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото преку:

- оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на интерните политики, процедури и законската регулатива како и деловната политика на Друштвото и нивно следење;
- оцена на поставеноста на информатичкиот систем;
- оцена на точноста и веродостојната на трговските книги и финаските извештаи;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;

Службата за внатрешна ревизија согласно Законот за трговски друштва изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2021 година и го достави на разгледување и одобрување на Управниот одбор на Друштвото.

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2021 ги содржи следниве информации:

- Преглед на извршени ревизии во текот на 2021;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;
- Останати активности на Внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај;

**2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2021 година**

Во текот на 2021 година службата за внатрешна ревизија ги релизираше активностите согласно планот на работењето на внатрешната ревизија за 2021 година, кој се базираше на оценка на степенот на ризичност, знаење на областа која се ревидира и временски интервал.

При тоа се настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места-извршители) и работни процеси на Друштвото кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упатство и процедурите усогласени со стндардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Во првиот квартал на 2021 година, како што беше и планирано во Годишниот план за работењето на службата, прво се изготви годишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2020 година. Истиот беше уредно доставен и усвоен од страна на Надзорниот одбор.
Во првиот квартал од страна на внатрешниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители, кои не доставиле, да ги достават своите пишани процедури кои преставуваа појдовна основа за работа на внатрешната ревизија.
Во третиот квартал беше изработен полугодишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија кој беше усвоен од страна на Надзорниот Одбор.

Во периодот јануари-декември 2021 година релизирани се следниве ревизии по оделни области на работењето на Друштвото:

**Преглед на извршени ревизии во текот на 2021 година**

| Ред.Бр. | Реализирани интерни ревизии за 2021 | Период во 2021 |
|---|---|---|
| 1. | Процедура за мониторинг на лозови насади | Јануари |
| 2. | Процедура за преработка на грозје и производство на наливно вино | Јануари |
| 3. | Процедура за обработка, финализирање, полнење и складирање на вино и жестоки пијалоци | Јануари |
| 4. | Прирачник на управување | Јануари |
| 5. | Процедура преглед на раководство | Јануари |
| 6. | Процедура за одредување контекст на организацијата | Јануари |
| 7. | Процедура за управување со ризици и можности | Јануари |
| 8. | Процедура за контрола на документи | Јануари |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Процедура за контрола на записи | Јануари |
| 10. | Процедура за интерни проверки | Јануари |
| 11. | Процедура за неусогласен производ и корективна мерка | Февруари |
| 12. | Процедура за обука | Февруари |
| 13. | Процедура за контрола и испитување | Февруари |
| 14. | Процедура за планирање продажба и маркетинг | Февруари |
| 15. | Процедура за припрема на мостри и дегустација | Февруари |
| 16. | Процедура за Е.Н. Производи и услуги набавка | Февруари |
| 17. | Процедура за одржување и калибрација на опрема | Февруари |
| 18. | Процедура за финансии | Февруари |
| 19. | Процедура за складирање и испорака | Февруари |
| 20. | Процедура за идентификација и вреднување на аспектите на животната средина | Февруари |
| 21. | Процедура за оперативна контрола | Март |
| 22. | Процедура за мониторинг на мерења на еко аспекти | Март |
| 23. | Процедура за опасни ситуации | Март |
| 24. | Процедура за ракување со опасни материи | Март |
| 25. | Процедура за енергенти во котлара | Март |
| 26. | Процедура за заштита од пожар | Март |
| 27. | Процедура за хигиена и заштита | Март |
| 28. | Процедура за повлекување | Март |
| 29. | Тестирање на сите упаства кои се однесуваат на производство | Март |
| 30. | Процедура за склучување на договори | Април |
| 31. | Процедура за закони и нормативи | Април |
| 32. | Процедура за комуникација | Април |

| | | |
|---|---|---|
| 33. | Процедура за планирање и развој на нов производ | Април |
| 34. | Процедура за лансирање на нов производ | Април |
| 35. | Процедура за рекламен матријал | Април |
| 36. | Процедура за службени патувања | Мај |
| 37. | Процедура за користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели | Мај |
| 38. | Процедура за службени мобилни телефони | Мај |
| 39. | Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство | Мај |
| 40. | Процедура за прераспоредување на работно време | Мај |
| 41. | Процедура-Одобрување трошоци за извозни пазари | Јуни |
| 42. | Процедура за прием и уништување плутени затворачи | Јуни |
| 43. | Процедура за нормирање на крш/растур | Јуни |
| 44. | Кредитна политика | Јуни |
| 45. | Постапка за тек на влезни финансиски документи | Јуни |
| 46. | Постапка за контрола и верификација на излезни фактури | Јуни |
| 47. | Процедура за спроведување на денарски и девизни налози за плаќање во банки | Јуни |
| 48. | Тест процес на набавки | Јули/Август/Септември |
| 49. | Тест класа 4 (трошоци) | Јули/Август/Септември |
| 50. | Тест класа 3 (набавка на материјали) | Јули/Август/Септември |
| 51. | Тест класа 0 (основни средства) | Јули/Август/Септември |
| 52. | Постапка за набавка за гостински ресторан | Јули/Август/Септември |
| 53. | Процедура за прием, складирање и издавање на намирници во ресторан | Јули/Август/Септември |
| 54. | Процедура за планирање и усвојување на Ценовник | Јули/Август/Септември |
| 55. | Постапка за потребна документација за апликација на | Јули/Август/Септември |

| | | |
|---|---|---|
| | акцизни маркици | |
| 56. | Процедура за управување со извозно-увозни дозволи и одобренија | Јули/Август/Септември |
| 57. | Постапка за изготвување, одобрување, релизација на CAPEX | Јули/Август/Септември |
| 58. | Процедура за одобрување на меморандуми за соработка и за откуп на грозје, утврдување на цени за откуп на грозје и дополнителни количини на грозје кои се надвор од одобрениот оперативен план за берба | Јули/Август/Септември |
| 59. | Ревизија на Друштвото М6 Тиквеш Белград | Јули/Август/Септември |
| 60. | Тест конфирмирање на салда | Октомври/Ноември |
| 61. | Тест парични средства | Октомври/Ноември |
| 62. | Тест ДДВ | Октомври/Ноември |
| 63. | Тест конфирмации на добавувачи | Октомври/Ноември |
| 64. | Тест конфирмации на купувачи | Октомври/Ноември |
| 65. | Тест кредити депозити и лизинг | Октомври/Ноември |
| 66. | Тест процес реализација | Октомври/Ноември |
| 67. | Тест процес залихи | Ноември/Декември |
| 68. | Тест процес плати | Ноември/Декември |
| 69. | Процедура за евиденција на работно време и отсуства | Ноември/Декември |
| 70. | Процедура за боледувања | Ноември/Декември |
| 71. | Процедура за управување со учинок на раководителите | Ноември/Декември |
| 72. | ИТ Ревизија | Ноември/Декември |

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Преседател на Управен Одбор, Надзорен одбор и до раководителите на Секторот во кој се врши ревизија.

Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки.

Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

**3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола**

Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Акционерското Друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели:

- Изработка на навремени и точни финансиски извештаи
- Зголемување на економичност, ефикасност и ефективност на севкупното работење
- Усогласеноста со интерните политики на друштвото и законските пропоиси кои се однесуваат на него

Внатрешната ревизија при потврдување на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамките на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија
- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Акционерското Друштво
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето
- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено Акционерското Друштво.

**Мислење:**

Врз основа на извршените поединечни ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем број од контролите кои се непоходни за да се пресретнат клучните ризици во Друштвото се воспоставени и функционираат.
Од преземените ревизорски активности, утврдените состојби и факти врз основа на податоци по случаен избор постои разумно уверување дека работењето во Друштвото се одвива според законската регулатива.
Во поединечните ревизии каде беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за надминување на истите, кои беа предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.

**4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување**

Службата за Внатрешна ревизија редовно ги презентираше наодите и препораките во извештаите кои беа доставувани до Надзорниот Одбор на Друштвото. Исто така ревизијата ја следеше имплементацијата на предложените препораки.

Констатацијата до која дојде Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат и спроведуваат, а за мал дел имплементацијата е во тек, што значи нема негативни коментари или посериозни забелешки во поглед на наодите и препораките.

Исто така беше констатирано дека доставувањето на одговор за реализација на препораките предложени во текот на годината која измина е со незначително задоцнување.

**5.Останати активности на внатрешната ревизија**

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа релизирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и релизирање на дадените препораки во поединечните извештаи.

Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинари за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции.

Интерен ревизор:

Илија Хаџи-Ангелески

**◆ Предлог одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за резултатите од работењето на друштвото во 2021 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија
во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2021 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

- **Предлог - одлука за одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2021 година.**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 31.05.2022 година донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за работата на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година.

2. СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД Кавадарци на секој посебно во 2021 година и тоа:

За Управниот одбор: Светозар Јаневски - претседател и членовите Снежана Славкова, Мате Настески, Љупчо Крстевски, Џон Јоновски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ - Генерален директор.

За Надзорниот одбор: Зоран Мартиновски - претседател и членовите Тихомир Атанасовски, Миле Бундовски, Борче Илиоски, Христина Ружиновска и Ратко Чадиковски - во претходен состав.

3. Составен дел на Одлуката е Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2021 година со податоци како во истиот.

4.Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

**Т.2. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2022 година.**

◆ **Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД – Кавадарци, за 2022 година.**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци
за 2022 година

1. ЗА ОВЛАСТЕН Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2022 година се назначува и се избира ревизорската куќа ______________________________.

2. Се овластува Генералниот директор на Друштвото со ревизорската куќа определена од Собранието да склучи договор за извршувањето на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ